ЧИСТЕЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА | ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ НА РОМАНИЈА | „MIKOYAN-GUREVICH MIG-21“ | „MOWAG PIRANHA“

# ШТИТ

Број 123
Јануари 2020
ISSN 1857-6710

МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## „ЗВУКОТ НА АЛИЈАНСАТА“



# Чистење на животн



На 14 декември, во сите општини во Македонија беше спроведена акција за чистење и разубавување на животната средина, со цел да се намали загаденоста. Акцијата имаше цел чистење на дивите депонии, подигнување на комуналниот отпад, чистење на улиците и на парковите. Припадниците на Армијата и вработените во Министерството, заедно со министерката Радмила Шекеринска, на 14 декември, на повеќе локации во и околу армиските објекти, активно се вклучија во акцијата за чистење на животната средина, чија цел беше да се подигне свеста за потребата од почиста животна околина. Акцијата се спроведе на неколку локации кај касарната „Илинден“, во касарната „Гоце Делчев“ во Аеродром, во касарната „Ѓорче Петров“ и во касарната во Петровец во Скопје. Чистењето се реализираше и во другите гарнизони низ државата – Куманово, Тетово, Кичево, Прилеп,

# ата средина



Велес и Штип. „Наполнивме стотици кеси со ѓубре, се погриживме сите локации да останат чисти и по денешниот ден. Едноставно е – ако сакаме чиста држава, ако ѓубрето ни пречи, да престанеме да го фрламе онаму каде што не треба, порача министерката Шекеринска.

Припадниците на Армијата во многу наврати досега покажаа дека приоритет и за Министерството и за Армијата е чистата животна средина, како фундаментално човеково право. Во акцијата се придружија и првите луѓе на НАТО-канцеларијата во Скопје и на Канцеларијата на САД за одбранбена соработка.







# содржина

ШТИТ ■ година XII ■ број 123 ■ јануари 2020

Инфо 5

На прва линија
**Верска служба во Армијата на Република Северна Македонија Капелани според примерот на Американците** 6

НАТО-активности
**НАТО и другите земји-кандидати за членство** 10

Родова перспектива
**„Родовата перспектива и улогата на жената во реформата на безбедносниот систем“** 12

НАТО-армии
**Вооружените сили на Романија** 16

Едукација
**Чест и сојузништво во војна** 20

Мисии на ООН
**United Nations Emergency Force (UNEF) – Суецки Канал (1956 – 1967 ) I дел** 24

Вооружување
**Повеќенаменски подзвучен едномоторен млазен авион „L-159“** 32

Вооружување
**„Mikoyan-Gurevich MiG-21“** 34

Вооружување
**„Mowag Piranha“** 36

Вооружување
**„АРЧЕР“ („ARCHER FH77 BW L52“) – 155мм Скандинавски артилерец** 40

Незадолжително
**Кафето – омиленото пијалок на сите војници** 44

Незадолжително
**Една Нова година, а дванаесет дочеци** 52

Филм
**„Мидвеј“** 56

# Со нови успеси во Новата 2020 година

Во Новата 2020 година влегуваме во ново поглавје од нашата историја. Зад нас ја оставаме годината во која ги направивме најзначајните чекори напред. 2019 година беше година на големи успеси и на значајни датуми. Најзначајно од сè е што успеавме да ја оствариме тридецениската стратегиска цел – членството на Република Северна Македонија во НАТО. 2020 е годината кога Република Северна Македонија ќе стане полноправна членка на НАТО.
Во нашиот магазин „Штит“, во текот на 2019 година известувавме и пишувавме за сите позначајни успеси и настани во Министерството за одбрана и Армијата. Ќе се потсетиме на некои од позначајните датуми, пред сè во однос на деценискиот стремеж за прием на нашата држава во НАТО. На 6 февруари 2019 г. сите земји-членки на НАТО го потпишаа Протоколот за пристапување на Северна Македонија во НАТО. На 8 февруари веќе беше изгласана првата ратификација на Протоколот, а во текот на 2019 и останатите 27 земји-членки го ратификуваа Протоколот во нивните парламенти. На Состанокот на Северноатлантскиот совет, за прв пат нашите министри за одбрана и за надворешни работи учествуваа како министри од Република Северна Македонија и седеа на заедничка маса со останатите. А, на почетокот на декември 2019 г. нашето знаме, на Самитот на НАТО во Лондон гордо се развиори на јарболот меѓу знамињата на припадниците на најмоќниот воено-политички сојуз. На овој голем успех на нашата држава му претходеа активности со кои во текот на 2019 година ги заокруживме добиените задачи и проектираните цели.
За Министерството за одбрана и за Армијата, тоа значеше дека ги совладавме и последните пречки и дека ги направивме најзначајни чекори напред. Тоа значеше дека ги изработивме најзначајните стратегиски документи и започнавме со процесите за модернизација на Армијата и зголемување на средствата за одбраната.
Во годината што измина ја презедовме обврската до 2024 година буџетот за одбраната да достигне до 2 проценти од БДП. Со новиот буџет имаме доволно средства реално да се посветиме на подобрувањето на стандардот на нашите припадници во секој поглед – со уште поголеми плати, со нова опрема и современо вооружување, во нови борбени возила, со гарантирани права и во подобри инфраструктурни објекти...
Во 2020 година Армијата ќе продолжи со модернизацијата, и тоа во неколку области. Ќе продолжи процесот за набавка на нови возила за Лесната пешадиска баталјонска група. Армијата ќе ги добие инженериските машини за кои беше потпишан договор.
Во 2020 година касарната „Боро Менков“ во Куманово ќе стане домаќин на СЕЕБРИГ, а во штипската касарна ќе продолжи формирањето на Лесната пешадиска баталјонска група, која е главниот НАТО-ресурс.
Во Новата 2020 година влегуваме мотивирани од сè што е претходно сработено. МО и Армија секогаш биле институции во кои народот има најмногу доверба. Оваа заслужена чест ќе ја оправдуваме со уште повисоко кренатата глава и поголеми успеси и во новата 2020 година.
д-р Жанет Ристоска




ШТИТ
е магазин на Министерството за одбрана на Република Северна Македонија

Излегува од печат еднаш во месецот

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
**Радмила Шекеринска**

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:

Умит Реџепи
(ликовно-графички и технички уредник)
Ксенија Митева
(лектор)
Кристина Илиевска
(новинар, фотографии)

Печати:
„СТУДИО НАМПРИНТ“
ДООЕЛ Скопје

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
www.mod.gov.mk;

Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.



# Брифинг за борбената готовност

Претседателот на Република Северна Македонија и врховен командант на Армијата, Стево Пендаровски, на брифингот за борбената готовност кој се реализираше во Домот на Армијата во Скопје од страна на началникот на Генералштабот, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, беше информиран за состојбата во Армијата на Република Северна Македонија во текот на 2019 година. Претседателот Пендаровски, за време на информирањето се запозна со степенот на реализација на плановите и задачите во текот на 2019 година по функционалните области: персонален менаџмент и морал, операции, обука и вежби, логистичко обезбедување, планирање, врски и комуникации, буџетирање и цивилно-воена соработка. Во рамките на брифингот беа истакнати позначајните активности и состојбата во тековната година, пред сѐ во процесот на трансформација и достигнатото ниво на имплементирање на процедурите и обврските поврзани со скорешното полноправно членство во НАТО. На брифингот присуствуваа и министерката за одбрана Радмила Шекеринска, заменикот на министерот за одбрана Беким Максути, командантите на првопотчинетите единици на Генералштабот,генералите во Армијата, претставници од Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија и од Министерството за одбрана. Брифингот на борбената готовност е планска годишна обврска на началникот на Генералштабот кон претседателот на Република Северна Македонија и врховен командант на Армијата, за состојбата на борбената готовност во Армијата.



# Традиционална предновогодишна средба

Началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, традиционално, на крајот од годината, оствари средба со поранешните началници на ГШ и со пензионирани генерали, на која присуствуваа и министерката за одбрана Радмила Шекеринска и заменикот на началникот на ГШ на Армијата, генерал-мајор Азим Нуредин. Присутните пензионирани генерали беа информирани за степенот на



реформските процеси во Армијата, за трансформацијата, за предвидените законски измени во одбраната, за тековните и планирани активности во Републиката и во мировните мисии, како и за плановите и предизвиците за наредната година. Притоа, во меѓусебната дискусија беше истакната благодарност до поранешните началници на Генералштабот и до генералите, за нивниот досегашен ангажман и придонес во Армијата, за постигнатото ниво на подготвеност за претстојното полноправно членство во НАТО. Предновогодишната средба е од традиционален карактер, на која поранешните началници и пензионираните генерали, имајќи го предвид нивното искуство во служба во Армијата, даваат свој придонес со нивните ставови и предлози за актуелни прашања во одбраната, а со тоа и за понатамошниот развој на Армијата.

# Средба со припадниците кои заминуваат во мисија

Командантот на Командата за операции, генерал-мајор Павле Арсоски, оствари средба со штабните офицери на Армијата кои заминуваат во Командата за обука, советување и асистенција на главниот град (КОСА ГГ) и персоналот од единицата за заштита на сили (еЗС) на главната команда во мировната операција „Одлучна поддршка“ во ИР Авганистан, со штабните офицери за мировната операција ЕУФОР „АЛТЕА“ во Босна и Херцеговина и со штабните офицери во мисијата УНИФИЛ во Либан. За време на средбата генералот Арсоски им порача дека



преку учеството во мисијата „Одлучна поддршка“, како и во останатите мисии предводени од ЕУ и ОН, Армијата го потврдува својот придонес во зачувувањето на глобалниот мир и безбедност и од нив се очекува достојно и професионално извршување на задачите, со што би го задржале и би го унапределе нивото на нивните претходници. На штабните офицери им претходеше соодветна стручна подготовка, што претставува потврда за успешно извршување на мисијата и одговор на предизвиците со кои ќе се соочат во следните шест месеци на должностите во рамките на Командата за обука, советување и асистенција на главниот град (КОСА ГГ), мировната операција ЕУФОР „АЛТЕА“ во Босна и Херцеговина и во мисијата УНИФИЛ во Либан.




# Верска служба во Армијата на Република Севе

# Капелани според примерот на Ам

Имајќи ја предвид решеноста на најодговорните фактори во државата за измена и дополнување на постојната законска регулатива во согласност со законитоста во НАТО-структурите, со право се очекува да се постави и прашањето за регулирање и воведување верска служба во Армијата на Република Северна Македонија според примерот на некоја од членките на Алијансата

Набрзо Република Северна Македонија ќе стане триесеттата членка на најмоќната воено-политичка организација НАТО и влегувањето во Алијансата е веќе завршена работа. Голема заслуга за тоа има и Армијата на Република Северна Македонија, која во секој поглед предничеше во исполнувањето на критериумите за прием, а својата подготвеност ја покажа и во мисиите на НАТО, каде рамо до рамо учествуваше со армиите на земјите-членки и успешно извршуваше мошне одговорни и сложени задачи.

## Измена и дополнување на законската регулатива

Од аспект на пристапувањето во НАТО, се наметнува прашањето за целосна трансформација на Армија и преструктуирање според стандардите на сојузот. Бездруго тука влегува и измената и дополнувањето на законската регулатива и обврските што ги има државата кон издвојувањето финансиски средства за осовременување на армиските структури и оспособување на персоналот за успешно функционирање во најмоќната евроатлантска



асоцијација и во услови на асиметрични закани и опасности.

Агендата за трансформација и приспособување на Армијата за новите предизвици во НАТО е зацртана и во Стратегискиот одбранбен преглед на АРМ. Остварувањето на оваа стратегиска цел сигурно ќе се поттикне и со постоењето согласност на политичките структури за ставање во функција на сите расположливи средства и ресурси на државата за потребите на Армијата и одбраната, што наедно значи и исполнување на обврската за издвојување два отсто од бруто-домашниот производ на Република Северна Македонија. Имајќи ја предвид решеноста на најодговорните фактори во државата за измена и дополнување на постојната законска регулатива сообразно законитоста во НАТО-структурите, како и сознанието за досегашното рамноправно учество на нашите декларирани единици во мировни мисии и други активности, може да се заклучи дека постои голема мотивираност за натамошно усовршување и ангажирање на составот, како и осовременување на техничката опременост на Армијата. Тоа го овозможуваат и програмите за обука и подготовка на наменските единици кои се компатибилни со плановите и програмите на мирновременските и воените сили на НАТО.

Законската регулатива, сепак, не е докрај дефинирана во однос на воведувањето верска служба и регулирањето на правото за задоволување религиски потреби во Армијата на Република Северна Македонија. Пред десетина години беше изготвен проект за согледување на потребите за воведување свештени лица - капелани во АРМ и беа создадени почетни услови за внесување на религијата во касарните, меѓутоа се остана во зародиш и проектот беше одложен за некои подобри времиња?! Можеби од практични причини, а веројатно и како последица од поранешниот систем, кога религијата и војската беа апсолутно спротивставени, преќутно се премина преку овој предизвик и настана инертност кон поставувањето на ова прашање. Ваквата постапка може да се оправдува и со сфаќањето на секуларизмот во смисла на одвоеноста на Црквата од државата, што априори не значи исклучување на религијата на сметка на атеизмот, или ограничување на слободата на изразување и слободата на вероисповед. Но, како и да е, и ваквото толкување и сфаќање на секуларизмот има извршено влијание врз размислувањето и бавното навлегување на религијата во војската.

Поранешниот директор на Генералштабот на АРМ, генерал-мајорот Зоран Димов, се сеќава дека Проектот за верска служба во Армијата се појави 2008 година, кога во најголем дел беше достигнат планираниот степен на трансформација во командите и единиците со значаен напредок на полето на интероперативноста со силите на Алијансата и обуката на персоналот во согласност со НАТО-стандардите, како да постоеше желба паралелно да се изврши трансформација и во делот на духовната сфера без да се анализира применливоста на верската служба поради големата различност на религиската припадност и определеност на составот. Кај армиите со сопствени традиции и преовладување на доминантните религии, како што е на пример католичката вероисповед во Хрватската или православната вероисповед во српската војска, воведувањето капелани и свештеници, како и практикувањето верски обреди меѓу војниците не претставува проблем.

За волја на вистината, нашата армија не може да се пофали или, пак, да се потпре на некакво сопствено искуство од поранешната примена и присуство на религијата во своите редови. Затоа е потребно да се имаат предвид искуствата од армиите на земјите-членки на НАТО во делот на присуството и улогата на свештениците меѓу војниците. Ова е неминовно и значајно од аспект на сознанието дека нема земја-членка во која религијата не е застапена на соодветен начин.



# рна Македонија

# ериканците



Во Армијата на САД местото на воениот свештеник е многу високо рангирано. Тој практично е десната рака на командантот при донесувањето одлуки, но и во воспоставувањето врска при командувањето со силите. Ваквата поставеност на капеланите произлегува и од сознанието за големата религиозност на Американците, како и присуството на постојните религии во САД, околу 1.200 , вклучувајќи ги и разните секти, од кои околу 250 се службено признати во Армијата



## Капелани во американската армија

Сега, кога со сигурност може да се тврди дека ќе бидеме рамноправна членка на НАТО, некои експерти сметаат дека е вистинското време да почнат активности кои ќе внесат нов суштински белег во структурната поставеност на АРМ, по примерот на некои армии, како што е американската или хрватската, каде што капеланите се офицери-свештеници, распоредени во командите и единиците според чинот и образовната подготвеност. Особено интересен е примерот во Армијата на САД, каде местото на воениот свештеник е многу високо рангирано. Тој практично е десната рака на командантот при донесувањето одлуки, но и во воспоставувањето врска при командувањето со силите. Ваквата поставеност на капеланите произлегува и од сознанието за големата религиозност на Американците, како и присуството на постојните религии во САД, околу 1.200 , вклучувајќи ги и разните секти, од кои околу 250 се службено признати во Армијата. Во зависност од тоа која религија преовладува, командантот на единицата, преку соодветната служба во Министерството за одбрана, бара свештеници од, на пример католичката, протестантската, муслиманската, православната или некоја друга вероисповед. Свештениците се распоредуваат во единиците од ранг на баталјон, па сè до најкрупните состави и имаат чин од потпоручник до генерал. Тие се членови на штабот на секој командант и нивното мислење при донесувањето одлуки е многу респектабилно. Капеланите имаат завршено високо образование стекнато во теолошки и воени школи.

> Кај армиите со сопствени традиции и преовладување на доминантните религии, како што е на пример католичката вероисповед во Хрватската или православната вероисповед во српската војска, воведувањето капелани и свештеници, како и практикувањето верски обреди меѓу војниците не претставува проблем

Тие немаат никакви привилегии и рамномерно учествуваат во процесот на обуката и извршувањето на задачите во својата единица, како секој друг старешина. Единствена разлика е што тие не носат оружје. Во секоја единица каде што има капелан, постои воена капела („црквиче“), во која се вршат разни верски обреди во зависност од вероисповедта на составот. Најчесто капелите се неутрално декорирани, а по потреба се местат посебни белези од одредена вера. Основната улога на воениот свештеник е постојано да комуницира со војниците и со старешините, да го осознае нивното расположение, мотивираност но и нивните проблеми. Покрај директната комуникација со командантот, воениот свештеник соработува со семејните центри, центрите за ментална грижа и може да се ангажираат кадри од доменот на психологијата, психијатријата, социјалните работи и од други сфери, за кои се смета дека ќе бидат од корист за војниците. Верската служба мошне прецизно (со Уредба) е регулирана и во српските вооружени сили, а ја вршат свештеници, религиозни службеници од традиционалните цркви и религиозни заедници регистрирани за вршење на овие активности во Србија. Свештениците во српската војска се професионални воени лица со статус на офицери, кои вршат верска служба и други религиозни активности во согласност со нивните автономни прописи. Припадниците на верската служба, односно воените свештеници, за разлика од другите припадници на војската, не носат оружје. Верските обреди се изведуваат во специјални простории – места за богослужба, дизајнирани и опремени за оваа намена. Имајќи ги предвид сознанијата и искуствата на армиите од членките на НАТО и другите земји во кои капеланството е инкорпорирано во структурите на системот, наскоро се очекува воведување верска служба и во нашата армија, иако се знае дека во почетокот, пред целосното оформување на соодветната законска регулатива, ќе има одредени отпори во спроведувањето. Значи, постојат услови и подготвеност за актуелизирање и реализирање на овој проект и треба да се размислува за приоритетните активности во таа насока. Бездруго се очекува помош и заедничко дејствување со Македонската православна црква и со другите регистрирани верски заедници, како што се: Исламската верска заедница во Македонија, Католичката црква, Евангелско-методистичката црква и Еврејската заедница.
Воспоставувањето верска служба во АРМ на почетокот тешко ќе се остварува и поради мултиетничкиот карактер на составот во единиците. Определено влијание врз тоа сигурно ќе имаат различните религиозни учења, досега 33 официјално регистрирани, од кои најголем дел се од христијанско-протестантските цркви. Во тој контекст треба да се истакне дека петте регистрирани традиционални верски заедници во Македонија имаат позитивен однос кон идејата за влегување на свештенството во армиските редови и тоа главно по примерот на Хрватска, каде што католичката црква регрутира свој кадар за верска служба во војската.



Несомнено овде останува нејасно како ќе реагираат верските заедници и религиозни групи кои имаат крајна одбивност кон носењето оружје?!

## Остварување на слободата на вероисповед во АРМ

Постојните проблеми и предизвици при реализацијата на проектот за воведување верска служба во АРМ треба да се разгледаат од компетентни фактори во Армијата и верските заедници и да се најде некакво заедничко решение. Свое мислење и толкување по ова прашање даде доктор Цане Мојановски, редовен професор на Факултетот за безбедност Скопје и поранешен претседател на Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи. Тој главно ја посочи реалната потребата за воведување верска служба во нашата армија: Прашањето на остварувањето на правото на вероисповедание, како дел на слободата на вероисповед, е регулирано со Законот за правна положба на црква, верска заедница и религиозна група (2007 година), каде во членот 20 се утврдува дека „лицата кои се сместени во болници, домови за деца и домови за стари лица, армиски и полициски институции и простори, затвори и слични институции можат да ја изразуваат својата вера и по сопствено барање да бидат посетувани од свештени лица заради вршење на верски обред и други форми на манифестирање на религијата или верата во согласност со куќниот ред на институцијата во која се сместени“. При тоа тие „можат да бидат посетувани од верски службеник заради вршење верски обреди“, за што институциите „во рамките на своите законски и просторни можности можат да одвојат просторија во која ќе се извршува верски обред“. Всушност, со позитивните прописи се создадени правни основи да се задоволуваат верските потреби на верниците во овие институции. Затоа се чини за потребно да се поддржат иницијативите и барањата за законско уредување на содржината на верските потреби на граѓаните во овие институции, а во тој контекст и на припадниците на македонската Армија. Таквата потреба не е само неопходен услов при прилагодувањето на нашата Армија со стандардите на НАТО, туку и активност што се среќава и во други бројни армии, како во постсоцијалистичките земји, така и во земјите со подолга државна и воена традиција. Тие се дел од американската, руската, хрватската, латвиската, српската и други армии. Затоа се чини дека е оправдано залагањето за почитување на правата на верниците кои професионално се ангажирани во армиските структури, како што тоа, впрочем, го прават и значаен број на армии во светот. Треба да се укаже дека намената на верската служба е да им овозможи на



Намената на верската служба е да им овозможи на војниците и на другите припадници на Армијата да ја остварат слободата на вероисповед, врз доброволна основа, и да практикуваат верски обреди. Во таа смисла, верската служба во војската има бројни задачи, како што е развивањето и јакнењето на духовните и моралните вредности на припадниците на Армијата, да ги негуваат војничките доблести и патриотизмот, граѓанската одговорност, како и подготвеноста за извршување на борбените задачи и обврските во мисиите и операциите кои се составен дел на нивната активност



војниците и на другите припадници на Армијата да ја остварат слободата на вероисповед, врз доброволна основа, и да практикуваат верски обреди. Во таа смисла, верската служба во војската има бројни задачи, како што е развивањето и јакнењето на духовните и моралните вредности на припадниците на Армијата, да ги негуваат војничките доблести и патриотизмот, граѓанската одговорност, како и подготвеноста за извршување на борбените задачи и обврските во мисиите и операциите кои се составен дел на нивната активност.

Воените свештеници, односно верските службеници, треба да се клирици, односно духовници на црквите, на верските заедници, утврдени со Уставот, но и на оние верски заедници и групи со кои армијата договорно ќе ги уреди односите. Тие, значи, треба да се професионални војници со статус на офицери во армијата, кои во согласност со законот и врз основа на склучена спогодба со верскиот субјект ќе го определуваат статусот како воен свештеник, воен капелан, воен имам, воен рабин и слични називи, или со општ термин – верски воен старешина.

Мендо Димовски




# НАТО и другите земји-кандидати за членство

Еден од клучевите на трајноста на НАТО е во однос на процесот на одлучување, сите одлуки треба да бидат едногласни. Честопати се потребни долги консултации и дискусии пред да се донесе некоја важна одлука. Иако овој систем може да се чини како да се одвива споро, сепак, има две големи предности. Најпрво се почитува суверенитетот и независноста на секоја земја-членка. Второ, кога ќе се донесе одлука, таа има целосна поддршка од сите земји-членки, со решеност за нејзина целосна имплементација. Најважното тело во донесувањето одлуки во НАТО е Северноатлантскиот совет, кој се состанува на амбасадорско ниво најмалку еднаш неделно, а вообичаено и почесто. Исто така, постојат редовни состаноци на Советот на ниво на министри за надворешни работи, одбрана, и од време на време, шефови на држави и влади.

Во првата деценија од 21 век, НАТО значително се променил споредено со безбедносниот сојуз од 1949 година. Со интеграцијата на новите земји-членки, неизбежен е процесот на постојано приспособување на Алијансата на интересите на поширокото членство. Во текстот, аналитички ќе се осврнеме на дел од земјите, во контекст на можното членство во НАТО

## Србија

Во 2005 година, во тогашниот заеднички состав на Србија и Црна Гора, земјата официјално се одлучи да стане членка на НАТО. Србија се приклучи кон програмата „Партнерство за мир“ за време на Самиотот во Рига во 2006 година. И покрај тоа што оваа програма понекогаш го претставува првиот чекор до целосно членство во НАТО, независноста на Црна Гора и на Косово, ги влоши односите помеѓу Србија и НАТО.
Во јануари 2008 година, откако НАТО даде отворена поддршка на декларацијата за независно Косово, значително опадна интересот за интеграцијата во НАТО. Претходно спроведена анкета во текот на септември 2007 година, покажа дека 28 % од српските граѓани го поддржуваат членството во НАТО, а 58% „Партнерството за мир“. И покрај тоа што сегашните приоритети на Србија не вклучуваат членство во НАТО,  Алијансата ја покани Србија да учествува во програмата за интензивираниот дијалог во моментот кога таа ќе се почувствува подготвена. На 1 октомври 2008 година, српскиот министер за одбрана го потпиша Договорот за размена на информации со НАТО. „НАТО ги почитува ставовите на секоја земја со која соработува, а Србија е добар партнер на НАТО и на неа останува да одлучи дали сака да стане членка“, изјави во Брисел замееничката на генералниот секретар на Алијансата, Роз Готемолер. Таа смета дека српското партнерство со НАТО придонесува за поголема безбедност на граѓаните, а Алијансата помага за стабилноста на целиот регион. Србија треба да одлучи за евентуален влез во НАТО. Во Србија, пак, постои интерес за членството во ЕУ.

## Шведска

Во 1949 година Шведска избра да не се приклучи кон НАТО и објави безбедносна политика со неутрален став за која било војна. Владата на Шведска одлучи да не биде членка на НАТО затоа што сакаат да бидат неутрални во една можна војна на нациите. Овој став беше задржан без многу дискусии за време на Студената војна.

Од деведесеттите години на минатиот век, во периодот по Студената војна, во Шведска имаше постојана дебата во врска со прашањето за членство во НАТО. Овие идеолошки јазови беа повторно забележани во текот на 2006 година, кога Шведска беше поканета да се приклучи кон Силите на НАТО за брзо реагирање. Додека владејачките партии во Шведска се спротивставуваа на членството, тие учествуваа во мисиите на НАТО во Босна (ИФОР и СФОР), на Косово (КФОР) и во Авганистан (ИСАФ). Анкетата спроведена во 2005 година покажа дека 46% од граѓаните се против членството во НАТО, а 22% од нив го поддржуваат членството. Друга анкета од 2006 година покажа дека 37% од граѓаните се „за“ членство во НАТО, а 41% се „против“. На 18 септември 2007 година, премиерот Фредерик Рејнфелд изјави дека за да стане членка на НАТО, на Шведска ѝ треба многу „пошироко“ мнозинство во парламентот, во меѓусебна координација со соседот Финска. Во текот на оваа година, шведскиот потпретседател, Јан Бјорклунд, поттикна расправа, барајќи ново дефинирање на одбранбениот принцип на Шведска, и тоа преку влез во НАТО.




## Украина

На почетокот на 2008 година, украинскиот претседател, премиерот и претседателот на Парламентот, испратија официјално писмо со барање за учество во Акциониот план за членство. Идејата Украина да стане членка на НАТО ја поддржаа неколку лидери на НАТО. На Самитот во Букурешт во 2008 година, генералниот секретар на НАТО, Јап де Хоп Шефер, на прес-конференција изјави дека Грузија и Украина ќе станат членки на НАТО. Во рамките на работната комисија помеѓу НАТО и Украина, претставници на НАТО ги увверија претставниците на Украина дека тие сакаат да ја поканат нивната земја да се приклучи кон Алијансата.

Според бројни независни анкети спроведени во 2002 година, јавното мислење во Украина во врска со членството во НАТО е поделено. Мнозинството од анкетираните се против здружувањето со воената алијанса идентификувајќи го членството како закана. Почнувајќи од април 2009 година, 57% од анкетираните граѓани биле против приклучување кон Алијансата, додека 21% го поддржувале членството. Во октомври 2008 година, споведената анкета покажа дека 45% го поврзуваат НАТО со закана за нивната земја, додека само 15% го поврзуваат со поимот заштита. Во земјата се одржуваа протести со противење за членство во НАТО, дури со препорака за укинување на односите со НАТО. Влијателни украински политичари, како што се Јуриј Икануров и Јулија Тимошенко, изјавија дека Украина нема да стане членка на НАТО сѐ додека јавноста се спротивставува на овој потег. Ова беше потврдено со договорот склучен во март 2008 година помеѓу парламентарната коалиција и опозициските партии, во кој се укажува на тоа дека каков било меѓународен договор во врска со влезот на Украина во НАТО мора да биде ставен на референдум.

Изборите во 2010 година го вратија Виктор Јанукович на позицијата претседател на Украина, што претставуваше пресврт во односите на Украина со НАТО. Тој изјавува дека односите на Украина со НАТО се „добро дефинирани“, дека „не станува збор за влез на Украина во НАТО и дека прашањето за членство во НАТО на Украина може да се реши до одреден степен, но тоа нема да се случи во блиска иднина“. На 3 јуни 2010 година, Парламентот на Украина гласаше за отстранување на целта за „интеграција во евроатлантската безбедност и членството во НАТО” од државната безбедносна стратегија.

Во тој контекст, шефовите на држави или влади на членките на НАТО разговараа за односите со Грузија и со Украина – две земји, чии шанси за членство во Алијансата се нарушени по руските воени интервенции на нивните територии. Според правилата на НАТО, земјите со територијални конфликти не можат да се приклучат на Алијансата. Претседателот на Украина, Володимир Зеленски, по средбата со генералниот секретар на НАТО, Јенс Столтенберг, за време на својата прва посета на Брисел, изјави дека Украина ќе го продолжи својот пат кон европската и евроатлантската интеграција и оти таа е подготвена на преговори со Русија и на спроведување на договорот од Минск.




Драган Павловски




# „Родовата перспектива и улогата во реформата на безбедносниот

Оваа, 2020 година, се навршуваат 25 години од усвојувањето на Пекиншката декларација и Платформата за акција (1995 г.) и 20 години од донесувањето на Резолуцијата 1325 за жените, мирот и безбедноста на Советот за безбедност на ООН (2000 г.), како едни од поважните документи и иницијативи за вклучување на жените во сите сегменти на општеството, а особено во рамките на безбедносниот сектор. Во таа насока, ние продолжуваме со известувањето и промоцијата на активностите кои се преземаат за уште подоследно спроведување на сите потребни механизми за остварување на родовата рамноправност и имплементирањето на родовите политики во одбраната и во другите субјекти на системот за безбедност. Во тој контекст, ќе потенцираме дека научната дебата и елаборација, но и споделување на искуствата од практиката се проверени алатки кои даваат позитивни резултати за решавање и унапредување на состојбите во однос на кое и да било прашање со кое се соочуваат институциите и државата. Во претходниот број на „Штит“ се осврнавме на активностите на Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија, со кои се подобрува имплементацијата на родовата рамноправност и родовите перспективи во секторот одбрана и заклучивме дека на планот на родовата рамноправност и родовите

Во Скопје, на 14 декември, во организација на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ и Програмската канцеларија на UN WOMEN, се одржа Форум на тема „Родовата перспектива и улогата на жената во реформата на безбедносниот систем“




# на жената
# систем"

перспективи во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија навистина се работи константно и интензивно.

Во овој број пренесуваме дел од излагањата, препораките и искуствата на компетентни лица од академската фела, но и од жени од практиката, кои извршуваат одговорни функции во институциите на безбедносниот сектор на Република Северна Македонија, кои учествуваа на Форумот „Родовата перспектива и улогата на жената во реформата на безбедносниот систем".

На свеченото отворање на Форумот свои обраќања имаа проф.д-р Марјан Ѓуровски, проректор на Универзитетот „Свети Климент Охридски", проф.д-р Никола Дујовски, декан на Факултетот за безбедност, Росана Дудзиак, резидентен координатор на ООН во Република Северна Македонија, м-р Верица Милеска Стефановска, директорка на Комората за приватно обезбедување, Елена Гроздановска, државна советничка за еднакви можности во Министерството за труд и социјална политика, како и Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи на Република Северна Македонија. Медијаторка беше Весна Ивановиќ-Кастаред, раководителка на Канцеларијата на UN Women.

Проректорот Марјан Ѓуровски во своето обраќање го потенцираше значењето на одржувањето дебати на значајни теми и направи интересна историска ретроспектива за улогата на жените во воената историја на Македонија, а се осврна и на потребата од поголема вклученост на жените во безбедносниот сектор денес, инклузивниот пристап во реформите на овој сектор, еднаквите можности и развој на кариерата на жените, со што ќе се овозможи посилен родово балансиран безбедносен сектор. Деканот на Факултетот за безбедност се осврна на состојбите на Факултетот за безбедност и заклучи дека секоја година е сè поголем бројот на пријавени кандидатки кои се определиле професионално да се занимаваат со безбедноста.

Претставничката на ООН, Росана Дудзиак, се осврна на значењето на меѓународната легислатива на овој план и изрази задоволство што Република Северна Македонија интензивно работи со цел да се создадат подеднакви можности за сите, но и дека е потребно да се зголеми бројот на жените на лидерски позиции. М-р Верица Милеска-Стефановска го потенцираше значењето на приватниот безбедносен сектор и потребата за поголема учество на жените. Елена Гроздановска од Министерството за труд и социјална политика се осврна на улогата на МТСП во однос на родовата рамноправност и креирањето на родовите политики, потенцирајќи го значењето на Извештајот за родовата индексикација и развивањето на соодветни механизми за унапредување на родовите перспективи, но и потребата за поголема вклученост на жените од Македонија во меѓународните институции и тела.

Министерот за внатрешни работи, Оливер Спасовски, во своето поздравно обраќање на Форумот, се осврна кон работењето на МВР, притоа потенцирајќи неколку битни состојби во поглед на важноста и застапеноста на женската популација во безбедносниот сектор. „Едно од клучните прашање во развојот на современите демократски и вредносни трендови, меѓу другото, е и прашањето околу родовата



рамноправност и адекватната застапеност на женската популација, првенствено како суштински и активен чинител во севкупниот општествен развојот. Вклучително, и во сфери како што е безбедноста“, нагласи министерот Спасовски. Тој се осврна и кон актуелните состојби на ова поле во државата, констатирајќи дека е направен исчекор и е отворен простор за поголема вклученост на жените во сите институции и други структури, како иницијативи за надминување на дискриминацијата или предрасудите од каков било вид, преку заемно почитување на различностите и објективно вреднување на потенцијалите. Во однос на МВР, министерот Спасовски посочи дека последните сондажи за половата структура на МВР покажуваат дека над четвртина од вработените во оваа институција се жени меѓутоа, по однос на систематизациската




застапеност на овластените службени лица, полициски службеници, државни службеници и административен персонал, сè уште постојат извесни разлики, независно што жените заземаат некои од клучните позиции во управувањето со организициската структура на министерството. На крајот од своето обраќање министерот Спасовски заклучи „Оттаму, не треба да постои дилема дека улогата на жената во безбедносниот сектор е извонредно важна и, секако, нужна. Квалификативите, но и оној посебен сензибилитет, перцептивност и интуитивност, како препознатливи својства на женската популација, што според мојот впечаток се и тоа како неопходни, особено во процесите на креирање и донесување одлуки – а безбедносната реформа, меѓу другото, се содржи токму од тоа - претставуваат неспорен квалитет што мора да биде исползуван и којшто, бездруго, носи добар и посакуван резултат“, рече министерот Спасовски.

Вториот панел го отвори професорката Марина Малиш Саздовска, која во однос на темата зборуваше и како професорка на Факултетот за безбедност, но и како долгогодишна вработена во оперативните служби на МВР. Нејзиното излагање беше во насока дека сè уште нема доволно жени на раководни функции во безбедносниот сектор, а особено во оперативните оддели, каде сè уште нема жени началнички и се присутни родовите стереотипи за оваа професија. Таа, како авторка на „Прирачникот за женско лидерство“, се осврна и кон потребата од соодветна обука за припадничките на безбедносниот сектор. Вниманието на аудиториумот




го привлече излагањето на полковничката Билјана Блажеска, која е и прва жена аѓутант на врховниот командант на Армијата. Освен што се осврна на политиките на Министерството за одбрана и Армијата во однос на зголемувањето на бројот на жени во Армијата на сите нивоа, таа потенцираше дека иако бројките се менуваат во нагорна линија, сепак, сè уште треба да се работи за да се привлекуваат жените и девојките во редовите на Армијата. Таа ја презентираше и родовата структура во МО и АРМ, која е според НАТО-стандарди и активностите за спречување на вознемирување на работно место. Како учесничка во мировна мисија, таа го потенцираше значењето на присуството на жените во мисиите и при војни и при конфликтни состојби, во градењето и одржувањето на мирот и во процесите на преговарање.

Сања Керамитчиева од Комората за приватно обезбедување зборуваше за улогата и капацитетите на жените од овој сектор. Даниела Антоновска од Националниот совет за родова рамноправност нè потсети на содржините на меѓународната легислатива, а професорот Миодраг Лабовиќ, иако се изјасни дека не експерт од областа, имаше интересно излагање во однос на темата, заклучувајќи дека сè уште треба да се работи на подигањето на свеста за потребата од поголема вклученост на жените во сите сегменти на општеството.

Последниот панел на Форумот им беше отстапен на жените од практиката, жени кои се на раководни функции во рамките на системот за безбедност и одбрана на Република Северна Македонија. За своето искуство зборуваа Зорица Вукмановиќ од МВР, командир на Полициската станица при СВР Куманово, полковник Ирена Минева, командант на ВМЦ, Марија Милкова, раководителка на сектор во ЦУК, Валентина Атанасовска од ДЗС, Весна Змајсек од Царинската управа и Биљана Денчевска од Противпожарната бригада Скопје.

Нашата претставничка, полковничката Ирена Минева, говореше како прва жена командант на баталјон. Таа зборуваше за своите почетоци како припадничка на првата генерација жени (1995г.) кои имале можност да бидат примени во Армијата. Зборуваше и за своето учество во мировната мисија „Алтеа“ во БиХ. Природната скромност и одмереност на оваа жена на висока воена должност остави силен впечаток кај сите присутни. Навистина е голем предизвик да командуваш со голема армиска единица и секогаш да постигнуваш одлични резултати, да балансираш помеѓу претпоставените и потчинетите, да одржуваш секојдневна физичка и психичка подготвеност, да се дружиш со колегите и да бидеш почитувана и како командант и како пријател и како жена. Нејзината главна поента на Форумот беше дека доколку ти се даде можност да бидеш на лидерска позиција во која и да било професија, како и во војничката, – предизвикот треба да се прифати и со професионалноста, со труд и љубов кон професијата треба да се покаже дека сите имаме подеднакви можности, и мажите и жените, да ја покажеме и докажеме својата компетентнтност како вистински лидери.

д-р Жанет Ристоска



# Нула толеранција за вознемирување на работното место

На промоцијата на Упатството и на Водичот за заштита од вознемирување на работно место присуствуваа министерката за одбрана Радмила Шекеринска, началникот на ГШ на Армијата, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, шефицата на кабинетот на МО Катерина Ставревска, како координатор на Работната група за имплементација на родовата рамноправност и родовите перспективи, како и 35 родови претставници од Министерството и Армијата, на кои, свечено, од страна на министерката за одбрана, им беа поделени сертификати за успешно завршена родова обука во случај на пријавување на вознемирување на работно место.

Министерката за одбрана во своето обраќање истакна дека со ова се испраќа јасна порака, без разлика дали станува збор за луѓе во МО или во Армијата, дали се работи за мажи или жени, дека вознемирувањето на работното место не е прифатлив дел од работната дисциплина и не е прифатлив дел од работната рутина во Министерството и во Армијата.

Началникот на ГШ додаде дека ГШ има јасен пристап во однос на оваа област и презема конкретни мерки на сите нивоа на командување во Армијата, потсетувајќи дека наскоро ќе биде именуван и родов советник во кабинетот на началникот и дека пристапот е нула толеранција за вознемирување на работните места, како и јасна и гласна транспарентност во функционалноста на Армијата.

Кон крајот на 2019 година во Министерството за одбрана беа промовирани Упатство и Водич за заштита од вознемирување на работното место, вклучувајќи и сексуално вознемирување, кои беа изработени од страна на посебно формирана Работна група од Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија, во соработка со Канцеларијата на UN WOMEN во Скопје

Триесет и пет родови претставници се советници кои ќе им бидат на располагање на сите вработени во Министерството и во Армијата, а ќе има и родов претставник во Кабинетот на министерката и во Кабинетот на началникот на Генералштабот, како и во сите единици на Армијата и во сите организациски единици на Министерството.

„Родовите советници ќе бидат првиот контакт, првата помош за сите оние коишто се соочиле со вознемирување и сакаат да го пријават истото и да добијат помош. На ваков начин ќе покажеме дека вознемирувањето не смее да биде дел од работните навики, од работната култура, и ќе создадеме средина во којашто вработените ќе се чувствуваат пријатно, ефикасно и продуктивно, и мажите и жените“, рече министерката Шекеринска.

Настанот се вклучи и во глобалната кампања „16 дена активизам против насилството врз жените и девојките“, во чии рамки во холот на Министерството се поставени портрети на наши историски хероини. „Портретите на овие историски хероини покажуваат дека македонската жена била прифатена како еднаков партнер за време на војна. Немаме никакво оправдување денеска во мирно време да имаме дилеми околу способноста и можноста на жената да придонесе за својата држава“, заклучи министерката Шекеринска.

Водичот е напишан на македонски и на албански јазик и е дистрибуиран во сите организациски единици на МО и Армијата. Содржината во Водичот на едноставен, концизен и сликовит начин ги појаснува облиците на вознемирување, кој може да биде извршител на вознемирување на работното место и што може да се направи во случај на вознемирување на работното место во МО и Армијата. Во Водичот е посочено каде и кому првично треба да се обратите за помош при таков случај и каде, на кој начин и до кого да се пријави вознемирувањето.

Ж.Р.



# Вооружените сили на Романија

Одговорноста за одбраната на Романија и командувањето со Вооружените сили (ВС) во мирно време, според Воената стратегија, е поделена на три нивоа: на политичко: претседателот на државата, Парламентот, Врховниот совет за национална одбрана и Владата; на политичко-воено, министерот за национална одбрана и воено – началникот на Генералштабот/началникот на одбраната. По прогласување на вонредна и воена состојба, раководењето со ВС на стратешко ниво е во надлежност на командантот на Националниот воен команден центар (CNMC), а на оперативно ниво, на Командата на здружени сили (CFI).

Началник на одбраната е најстариот по чин офицер, назначен на четиригодишен мандат (со можност за продолжување од една година) од страна на претседателот

**Романија е унитарна република со два законодавни домови (Сенат и Дом на пратеници). Се простира на 238,391км2 и во неа живеат околу 19,5 милиони жители. Вооружените сили на Романија се состојат од копнена војска (КоВ), воено воздухопловство (ВВ) и воена морнарица (ВМ)**

на државата, на предлог на министерот за национална одбрана и со согласност на премиерот. На местото началник на одбраната може да биде избран единствено дотогашниот заменик на началникот или еден од командантите на родови.

Вооружените сили на Романија се







Во рамките на структурата на НАТО, Романија е земја-домаќин на: Multinational Division Southeast HQ, NATO Force Integration Unit, Deployable Communications Module Element и ракетната база во Deveselu

состојат од копнена војска (КоВ), воено воздухопловство (ВВ) и воена морнарица (ВМ). Под команда на министерот за национална одбрана се: Одбранбениот штаб, штабовите на КоВ, на ВВ и на ВМ и секторите во министерството. Во надлежност на министерот се и Директоратот за воено судство, Воената болница и Воениот пензиски фонд.
Одбранбениот штаб го сочинуваат секторите за персонал и мобилизација, за операции, за логистика, за стратегиско планирање, за информации и информатичка технологија, за правила и доктрини, за структура и опремување.

## Копнена војска

Штабот на КоВ се состои од: командант (под негова команда се началникот на штабот и командантот на оперативните сили), оддел за операции, оддел за ресурси и оперативен центар. Под команда на Штабот се:
- две пешадиски дивизии во состав: 3 механизирани бригади, артилериски полк, 2 полка за противвоздушна одбрана (ПВО), полк за врски, извидувачки полк, 2 баталјони АБХО, баталјон за опслужување и логистичка база, бригада за борбена поддршка, бригада за борбено-сервисна поддршка, извидувачки полк, центар за логистичка поддршка, логистичка база и центар за обука.

Од вооружување и опрема копнената војска поседува:
- тенкови „TR 85 M1 – Bizonul“;
- оклопни борбени возила „HMMWV M-1113“ и „M-1114“, „MLI-84“, „M-Jderul“, (амфибиско) „B33 Zimbru“, транспортери „Piranha III“;
- ПВО-системи: (ракетни) OSA-AKM 9K33M3 (SA-8), CA-94, CA-95, 2K12M - KUB (SA-6), (артилериски) „Gepard“ (самооден), 2 x 35мм „Oerlikon“;
- артилериски ракетен систем „Larom“.

## Воено воздухопловство

Во состав на ВВ се: 4 воздухопловни бази, логистичка база, бригада за ПВО, бригада за врски и школски центар.
Единиците се опремени со:
- авиони: борбени авиони „MiG 21 Lancer“, „MiG 29“, и „F-16 Fighting Falcon“, транспортни „C 27J Spartan“, „C-130B Hercules“ и „Antonov An 30“, школски „Iak 52“ и „IAR 99 Soim“;
- хеликоптери: „IAR-316 B“ и „IAR-330 Puma“;
- ракетни системи „Hawk“ и „S-75 M3 Volhov“.

## Воена морнарица

Воената морнарица се состои од команда, флота (составена од 2 фрегати, корвети, торпедни чамци, ракетни чамци, минопребарувачи, минополагачи, патролни чамци, патролни бродови, реморкери), речна флотила, поморски ракетен дивизион, крајбрежен ракетен дивизион, поморски артилериски дивизион, логистичка база, пешадиски полк, школски центар (морнаричка воена академија, средно воено поморско училиште, воен национален колеџ и школски брод) и други помали единици и центри.
Бродовите се опремени со:
- торпеда 533мм;
- митралези: 14,5мм, 30мм/65 USSR 30, 2x30мм AK230, 4x30мм AK630M,





Процентот од бруто-домашниот производ (БДП) кој романската влада го издвојува за одбраната е во значителен пораст од 2012 г. кога изнесувал 1,22% (2,1 милијарди долари) до 2018 г. кога процентот изнесувал 1,93% (4,8 милијарди долари). Во наредниот период, со долгорочните планови за финансирање на одбраната, процентот од БДП за одбраната не би требало да отстапува од одредените 2%)

76мм Oto Melara, 76мм/60 USSR 3, 2x76мм AK726, 2x100мм;
- ракети: Strella 2M, SA-N-5, SS-N-2C Styx, 2x40x122мм APRN.

## Воени прашања

Процентот од Бруто домашниот производ (БДП) кој романската влада го издвојува за одбраната е во значителен пораст од 2012г. кога изнесувал 1,22% (2,1 милијарди долари) до 2018г. кога процентот изнесувал 1,93% (4,8 милијарди долари). Паралелно со овој раст, растел и процентот од одбранбениот буџет кој бил наменет за опремување и модернизација, од 4,14% во 2012г. до 34,7% во 2018г. Во наредниот период, со долгорочните планови за финансирање на одбраната, процентот од БДП за одбраната не би требало да отстапува од одредените 2%.




Бројот на персонал во армијата од 62.000 во 2017г. бил зголемен наредната 2018г. на 69.000. Во рамките на персоналниот менаџмент, зацртани се активности кои вклучуваат: планирање, регрутирање, селектирање на персоналот, промовирање на професијата, и развој на моделите за развој во кариерата на старешините и цивилниот персонал.
Во рамките на структурата на НАТО, Романија е земја домаќин на: Multinational Division Southeast HQ, NATO Force Integration Unit, Deployable Communications Module Element и ракетната база во Deveselu.
Понатамошниот развој на романската армија е дефиниран со идната организациска и структурна поставеност, земајќи ги во предвид спецификите кои произлегуваат од: доктрината, обуката, опремувањето интероперабилноста и др. Идната структура на романската армија би ја сочинувале:
- КоВ: Команда на КоВ, 2 дивизии (со соодветен состав на борбени, единици за борбена и единици за борбено сервисна поддршка), 8 пешадиски бригади, 2 бригади за борбена поддршка, извидувачка бригада и 3 бригади за логистичка поддршка.
- ВВ: Команда на ВВ, 5 воздухопловни бази, бригада за ПВО, извидувачка бригада и база за логистичка поддршка.
- ВМ: Команда на ВМ, поморска флота, флотила фрегати, речна флотила, извидувачка бригада и база за логистичка поддршка.

Одбранбени цели кои се зацртани за период до 2020 г. се:
- развој на одбранбените способности и обезбедување капацитети за одговор на современите закани по безбедноста на државата (неконвенционални, хибридни...);
- зголемување на стратегискиот кредибилитет во рамките на НАТО преку: активно учество на формални и неформални средби на највисоко ниво, сеопфатен придонес кон преземените обврски кон Алијансата, поголем придонес кон функционирањето на сојузничката структура за командување и контрола, зголемување на своето воено присуство во Црното Море во рамките на НАТО;
- зајакнување на стратегиски партнерства, особено со САД, во областа на одбраната, со цел промовирање на Романија како фактор на стабилност во Југо-источна Европа;
-

Општа цел на интегрираното менаџирање на ресурсите е оптимизација на планирањето, трошењето и ангажирањето на ресурсите во одбраната. Во тоа значајна улога игра и Системот за планирање, програмирање, буџетирање и евалуација (PPBES)

развивање меѓународна соработка на билатерална и регионална основа, како и во рамките на меѓународни организации;
- укажување поддршка на цивилните структури во вонредни ситуации.
Романија и во наредниот период останува посветена на придонесот со свои воени капацитети кон мировните операции предводени од ОН, НАТО, ЕУ, ОБСЕ или други регионални иницијативи. За исполнување на обврските кои произлегуваат од ваквите ангажмани, со плановите за развој на романската армија, планирано е 50% од единиците на КоВ, 40% од ВВ и 80% од ВМ - да бидат распоредливи во такви мисии, и 10% од единиците на КоВ, 8% од ВВ и 28% од ВМ - да бидат подготвени за ангажман поголем од 2 години.

Со плановите за трансформација и развој на ВС, до 2026 г. е планиран развој на способностите и капацитетите на армијата:
- за командување, контрола и комуникации на сите три нивоа – комуникациски и информациски центри и единици од таков тип во рамките на единиците за борбено-сервисна поддршка;
- за ангажирање во мисии – механизирани, оклопни, планински, артилериски, специјални, единици на морнаричка пешадија, воена полиција и за психолошки операции, борбена авијација, борбени хеликоптери, поморски и речни бојни бродови, маринци;
- разузнавачки структури и единици;
- за заштита на силите – ракети „земја-воздух“, единици за ПВО, инженериски, единици за АБХО и за отстранување на експлозивни направи;
- логистички капацитети – тактички, воздушен, поморски и копнен транспорт.



Ресурсите потребни за реализација на зацртаните планови, би се обезбедувале и распределувале со помош на интегрирана политика за менаџирање со ресурсите за одбраната. Делови на системот се компоненти за управување со: човечки ресурси, финансиски ресурси, менаџирање на набавките за одбраната, систем за управување со истражувањата, развојот и иновациите, и управување со инфраструктурата за одбраната. Општа цел на интегрираното менаџирање на ресурсите е оптимизација на планирањето, трошењето и ангажирањето на ресурсите во одбраната. Во тоа значајна улога игра и Системот за планирање, програмирање, буџетирање и евалуација (PPBES). Со PPBES се одредени и финансиските планови и приоритетите за модернизација и трансформација, кои произлегуваат од Програмата за трансформација и развој на армијата до 2026г. Овие проекти се во областа на набавките и модернизацијата на:
- транспортни и борбени возила – оклопни транспортери, борбени и оклопни борбени возила и тенкови;
- артилериски системи – ракетни системи, самоодни хаубици 105 и 155мм (со муниција);
- системи за командување и контрола – интегрирани комуникациски и информациски системи на ниво бригада и дивизија, опрема на тимовите за тактичка контрола на воздушниот простор, системи за сателитска комуникација, безбедносни мрежни системи, софтвери и др.;
- вооружување и опрема – за индивидуална и колективна детекција на бојни отрови и системи за заштита, лично вооружување, опрема за единиците за специјални операции, преносни противтенковски ракетни системи;
- инженериска и опрема за деминирање и одстранување електронски експлозивни направи;
- борбени и транспортни авиони;
- системи за противвоздушна одбрана – ракетни системи со краток домет, системи за одредување цели во воздушниот простор, преносни системи за врски;
- борбени бродови – фрегати, торпеда за подморници, мултифункционални корвети, бродови за деминирање, речни бродови;
- извидувачка и разузнавачката опрема – статички и подвижни електронски и оптички системи, радари, хидрометеоролошки системи и друго.

М.С.

# Чест и сојузништво во војна



Поведето војни низ историјата биле судир меѓу Давид и Голијат, каде првиот ги претставува малите држави, а вториот големите. По линија на помал отпор, токму поради инфериорната позиција во војна, помалите нации немале друг избор за да се спротивставаат, освен во форма на бунтовништво. Ова прераснало во традиција за многу држави, да се бранат со неправилно војување против поголемите противници. Малите нации традиционално се бореле како бунтовници, герилци, партизани, што направи посебен карактер на нивната воена култура. Вековите на нерегуларно војување влијаеше и на нивниот фолклор, создаде митови за херои, со живописни примери на издржливи и силни воини кои се бореле против

Водечките држави ја користат честа за да ја обликуваат глобалната безбедност. Во коалициско војување државите-следбеници обично учествуваат со помалку сили и средства, но за да дадат поголем придонес нудат уникатни вештини и способности. Една од овие е нивниот ментален склоп кој ја разбира бунтовничката логика, навиката да импровизираат, да бидат флексибилни и да се приспособуваат на различни околности

посилен противник. Овие историски слики се природно интегрирани во секојдневната обука и воена едукација, како потсетник дека нивната војска може да дејствува и да постигне победа со ограничени ресурси. Малите држави се скромни, а горди. Тие во здружени операции упатуваат мали, но квалитетни сили за да ги импресионираат големите партнери и за да им докажат дека се вредни сојузници.

Чест е апстрактен термин со кој се опишуваат чувствата на вредност и почит кои влијаат на социјалниот статус и самопочитување, а кое почнува од индивидуа, група, народ, па сè до поголеми системи како држава, институција, војска или воена единица. Тоа е количеството на почит што се добива од другите, или, како нешто се перципира, се прифаќа и се цени. Кај луѓето постои природна потрага по чест што расте





Повеќето војски на водечките западни држави имаат традиција да користат воена сила за исполнување на нивните национални стратегии. Интересно е што овој менталитет на кој се обликуваше светот за време на колонијализмот, сè уште е присутен кај некои држави, иако одамна не се фактички големи сили

над индивидуалната почит, поради што групите се здружуваат за да создадат народи, нации и држави. Честа е важен елемент на секоја култура и во многу случаи се смета за нејзин основен темел. Релевантно за воената доктрина, тоа е причина за обединување на луѓето во време на војна. Има многу војни низ историјата кои не се воделе за ресурси или добивка, туку само за чест.
Во денешно време, товарот на лидерска позиција во регионалните и глобалните политики го носат западните демократии. Поради перцепцијата дека западните концепти, стандарди и вредности се универзални за демократијата, тие се прогласија за урнек како треба општествата да бидат организирани. Постои високо чувство на чест меѓу западните демократии, дека тие имаат постигнато повисоки морални вредности и степен на толеранција во однос на остатокот од светот. Чувството на чест уште повеќе се зацврстува преку насочување на нивните национални политики да ги извезуваат нивните морални вредности, слобода и демократија, со цел да им помогнат на земјите во развој. Противниците и т.н. традиционални култури со спротивни погледи често ја предизвикуваат стратегијата на западните водечки држави за да го спречат ширењето на западниот начин на живот низ светот. За противници на Западот се сметаат големите држави кои се обидуваат да парираат на нивната доминација во креирање на регионални и глобални политики. Најчеста цел се региони и држави кои се нестабилни или поранешни западни колонии, во кои постои судир на економски интереси. Менталитетот на татковска фигура кон поранешните колонии на западните држави е преточен во национални политики за зачувување на културното, политичко и економско влијание и, ако е потребно, и воено помагање за нивна заштита. Меѓутоа, за да ја зачуваат лидерската позиција при интервенции во земјите во развој, западните држави мора да градат сојузи и коалиции со што е можно повеќе партнери. Тоа не е воена потреба, бидејќи имаат доволно сила и самите да дејствуваат, туку градење на легитимност на меѓународната сцена и добивање на одобрение од меѓународната заедница. Повеќето војски на водечките западни држави имаат традиција да користат воена сила за исполнување на нивните национални стратегии. Интересно е што овој менталитет на кој го обликуваше светот за време на колонијализмот, сè уште е присутен кај некои држави, иако одамна не се фактички големи сили. Меѓутоа, западните војски се сметаат за господари на војната. Ова влијае на нивната поставеност во сојузи и коалиции како клучни играчи и понекогаш ги маргинализираат останатите помали партнери во процесот на донесување одлука.
Воените реформи кои се случија во 17 век во Европа се сметаат за почеток на модерното војување. Главна карактеристика на западните војски е користење на најдеструктивни оружја и методи во војна. Тоа е причината зошто западниот начин на војување е далеку посупериорен и само откако источните култури го прифатија, станаа поуспешни во војувањето. Воената култура на европските војски стана синоним за дисциплина и цврстина, а векови на војување на европско тло кулминираа со две светски војни. Иако денес веќе 70 години трае мирот во Европа, воинствената култура сè уште постои на стариот континент. Дури и воената култура на САД го интегрира



наследството на европската историја и се смета за модел и заштитник на западната цивилизација и вредности. Мотото на американските специјални сили е „да ги ослободиме угнетените". Тоа многу кажува за начинот на кој се гледа на глобалната безбедност. Тргнувајќи од тоа дека се културолошки супериорни, водечките држави меѓу западните демократии сметаат дека Западот ја претставува слободата и имаат одговорност да ја рашират глобално. Тоа што често се заборава е дека тие високи морални вредности создадени на Западот се продукт на многу фактори, вклучувајќи векови на граѓански, меѓудржавни и коалициски војни. Западот денес ја ужива слободата и демократијата, но заборава дека на нив им беа потребни векови на војни и немири за да го постигнат тоа. Главниот културен предизвик е нивното очекување дека земјите во развој тоа ќе го постигнат преку ноќ.

Во изминатите неколку децении државите од поранешниот Источен блок го прифатија западниот начин на војување како модерен тренд. Нивните вооружени сили наликуваат на структурата на западните водечки воени сили и во изминатите две децении постигнаа интероперабилност во смисла на заеднички доктринарен речник, тактика, техники и процедури

Западните војски ја интегрираа интерпретацијата на Клаузевиц за калкулирање во војна, која ја произведе здружената војна на глобално ниво. Веќе стана јасно дека овој концепт не важи во потполност во противбунтовничкото војување. Западните воени теоретичари сè почесто признаваат дека никогаш не нашле вистинско решение за да победат бунтовништво, а истовремено не ги препознаваат малите партнери како важни актери во таквите сценарија. По двете светски војни и стекнатото искуство во конвенционално војување, самодовербата на големите сили стана преголема, особено поради поседување на нуклеарно оружје. Моќта на западните војски стана толку голема што создаде нереални очекувања во војната против тероризмот и верба дека воената сила е доволна да се победи. Меѓутоа, новото оперативно опкружување и безбедносните закани во 21 век не му се поклонуваат на равенството на Клаузевиц. Последните закани се комбинација на акции од сите можни видови и тие се се преклопуваат и се надополнуваат. Тоа се објаснува како концепт на хибридност, а за да се приспособат, водечките држави мора да создадат сојуз или коалиции кои се исто така хибридни т.е. содржат различни војски кои нудат разновиден сет на вештини и способности. Чувството на припадност е важен дел од човечкото социјално однесување и



причина зошто луѓето се здружуваат во племе, народ, нација, држава и на крај сојуз. Колку е помала групата, толку е поголем нагонот за здружување поради потреба, наспроти амбиција. Малите држави кои се придружуваат на сојуз или коалиција се свесни за капацитетите и способностите со кои учествуваат. Ова понекогаш предизвикува морален товар, знаејќи дека придонесот со бројност е ограничена. Поради ова, тие најчесто нудат можности кои се значајни и со тоа го надополнуваат квантитетот. Не е невообичаено малите војски да учествуваат со најдобрите војници со кои располагаат. Овој пристап носи одредено чувство на гордост кај малите држави, дека и тие даваат придонес во здружената борба.

Кај малите држави постои постојана потреба за одобрување од поголемите западни партнери. Тие бараат да бидат признати како рамноправни меѓу останатите и да ги насочат своите национални политики кон максимална интеграција во политичките и во економските прашања. За да имаат корист, тие мора да го споделат товарот и да придонесат за глобалниот мир. Имиџот, дека мала држава е решена да учествува на меѓународната сцена и да извезува мир, секогаш ја зајакнува нејзината позиција меѓу пријателите. Постојат дури и примери на помали партнери кои распоредуваат многу повеќе сили отколку што можат да си дозволат само за да докажат дека се достојни сојузници. Со распределување на критичните ресурси, изземено од неговата национална одбрана, тие покажуваат посветеност и сериозност како рамноправни партнери.

Во изминатите неколку децении државите од поранешниот Источен блок го прифатија западниот начин на војување како модерен тренд. Нивните вооружени сили наликуваат на структурата на западните водечки воени сили и во изминатите две децении постигнаа интероперабилност во смисла на заеднички доктринарен речник, тактика, техники и процедури.

Меѓутоа, постигнување на западните стандарди во користењето на поголеми конвенционални сили им носи голем товар на воените буџети, бидејќи денешните професионални војски чинат многу повеќе од порано. Обично помалите држави ги дизајнираат своите вооружени сили со единствена цел – да се бранат од директна надворешна закана.

Со членството во НАТО кај нив се наметна обврска за распоредување на сили надвор од земјата, како придонес за меѓународната безбедност. Учеството во глобалните безбедносни прашања е цената на заштитата која ја стекнуваат со западната интеграција.

Проблемската рамка на државите-следбеници е како да ги зголемат своите напори со ограничени ресурси кога учествуваат борба. Одговорот е дека повеќето од нив имаат историско искуство и традиција во неправилно војување. Досегашното оперативно искуство кое се пренесува од колено на колено го обликува менталитетот на нивните војници. Обично тие се флексибилни, издржливи, работат со помалку ресурси и знаат да импровизираат. Ова ги прави помалите партнери подобни за учество во воени и невоени операции во земјите во развој. Тие полесно може да го сфатат начинот на размислување на луѓето кои живеат таму. За разлика од војник кој потекнува од побогато општество, оној кој и самиот доаѓа од средина со ограничени услови, има поголема емпатија и разбирање за населението кое е лишено од основни потреби.

Бидејќи следбениците упатуваат помали сили за да ја покажат својата вредност, тие тежнеат да ангажираат специјализирани единици кои ќе имаат поголем импакт во здружената борба. Водечките држави ја користат честа за да ја обликуваат глобалната безбедност. Во коалициско војување државите-следбеници обично учествуваат со помалку сили и средства, но за да дадат поголем придонес, нудат уникатни вештини и способности. Една од овие вештини е нивниот ментален склоп кој ја разбира бунтовничката логика, навиката да импровизираат, да бидат флексибилни и да се приспособуваат на различни околности. Тие не треба да учат како да мислат „надвор од кутијата“, бидејќи културолошки отсекогаш биле надвор од кутијата. Во денешното оперативно опкружување кое гравитира околу земјите во развој, малите војски ќе бидат сѐ поважни партнери, бидејќи традиционално ги разбираат противбунтовничките операции.

Ѓорѓи Вељовски





# United Nations Emergency Force (UNEF) – Суецки Канал (1956 – 1967 ) I дел

Првата израелско-арапска војна е завршена во август 1949 година со општ прекин на огнот потпишан помеѓу Израел и четири арапски држави со посредство на ОН. Воспоставена е мировната мисија UNTSO, која имала задача набљудување на прекинот на огнот и надзор над примирјето постигнато со договорот. Меѓутоа, ситуацијата во регионот во последниот поствоен период била доста турбулентна. Внатрешните превирања во Египет после поразот во Првата војна со Израел кулминирал 1952 година, со рушење на кралот Фарук Први. Со паѓањето на египетската монархија настапила пресвртницата во меѓународните односи на Блискиот Исток, бидејќи Египет ја напуштил прозападната политика и добил самостоен правец. Со доаѓањето на Насер на чело на египетскиот воен режим во април 1954 година, надворешната политика на Египет се свртела кон Советскиот Сојуз. Политичките промени во Египет го загрижувале Израел, бидејќи Египет во војната 1948 година се покажал со најсилна арапска војска и претставувал најголема закана за Израел. Заради преземената програма за вооружување, Израел бил на најдобар пат да се етаблира како регионална велесила. Насер, во јуни 1956 година, прогласил египетска национализација на Суецкиот Канал, што предизвикало остри реакции

Заедничката инвазија на Израел, Велика Британија и Франција на Египет во октомври 1956 година, сериозно го загрозила веќе постојниот ангажман на Обединетите народи во регионот. Во намерата за гаснење на суецката криза, Советот за безбедност на ОН во ноември истата година со резолуција ја воспоставил мировната мисија UNEF

од страна на Франција, Велика Британија и Израел.
Од летото 1955 година, односите измеѓу Тел Авив и Каиро се влошувале. Таквите тензии не успеале да ги спречат ниту мировната мисија UNTSO ниту главниот секретар на ОН. Во септември 1955 година Египет ја засилил блокадата на Тиранскиот Теснец и истовремено најавил голема набавка на тенкови од тогашна Чехословачка. Потоа, на почетокот на 1950-тите години, Египет, освен Јордан, бил важната појдовна точка за уфрлување на палестинските федаји на израелска територија. Помеѓу 1949 и 1956 година израелските сили за безбедност убиле најмалку 2700 Палестинци,



уфрлени преку границата. Израел, како одмазда за убиените цивили, повеќепати преземал напади на египетската територија, како на пример ударот на бегалскиот камп „El-Bureig“ во појасот Газа. Освен тоа, Израел покренал и неконвенционална војна против режимот на Насер, изведувајќи низа терористички акции во Египет кои имале цел политичка дескридитација на Каиро во очите на Западот, односно повлекување на британската војска.
САД се обиделе да посредуваат во односите помеѓу Египет и Израел, ветувајќи значајна финансиска помош и за двете земји.  Египет планирал дел од помошта да ја искористи за амбициозниот проект, изградба




на Асуанската брана на реката Нил, која освен обезбедувањето на големи количини на електрична енергија за египетското стопанство, требало да ги зголеми обработливите површини и пловноста на Нил. Но, во јули 1955 година, американскиот претседател Ајзенхауерг, загрижен заради египетското приближување кон Советскиот Сојуз и Кина, односно купувањето на оружје од Источниот блок, го откажал заемот за финансирање на браната. Кулминацијата на заострување на односите на Египет настапила во јули 1956 година со египетската национализација на Суецкиот Канал, што пред меѓународната јавност било оправдувано како изнаоѓање на извор за финансирање на изградбата на Асуанската брана. Суецкиот канал ги раздвојува африканскиот и азискиот континент и претставува најблиската поморска врска помеѓу западната и источната Земјина хемисфера. Големото стратешко значење на Суецкиот Канал за Западот добива на значење ако се има предвид дека истиот е најблискиот танкерски пловен пат за снабдување на Европа со блискоисточната нафта. Велика Британија, во текот на Втората светска војна, на подрачјето на Египет држела триесетина ијлади војници, а по 1947 година, британските сили останале само во регионот на Суецкиот Канал. После 72-годишното воено присуство, Лондон во 1954 година се согласил на целосно повлекување на своите трупи од Египет, што целосно завршило во јуни 1956 година.

Во октомври 1956 година, на таен состанок во францускиот град Севрес, се состанале премиерите на Франција, на Велика Британија и на Израел, чии стратешки интереси биле повредени со политиката на египетскиот претседател Насер. Велика Британија сакала да ги заштити интересите на својот капитал во националната компанија која управувала со Суецкиот Канал, односно да го обнови своето влијание на Блискиот Исток. Со отстранување на Насер, Велика Британија истовремено сакала да ја намали заканата на хашемитската династија која тогаш владеела со Ирак, во која Лондон имала стратешки интереси. Франција, иако традиционално водела проарапска политика, со мотиви слични на британските, сметала дека со рушењето на Насер директно би влијаела на слабеењето на противфранцуските протести во Алжир, во Мароко и во Тунис. Израел сакал да ја елиминира најсилната арапска војска и да ги неутрализира базите во појасот Газа. На состанокот во Севрес е постигнат договор за заедничка воена акција против Египет и за симнување од власт на претседателот Насер.

Операцијата, во првата фаза предвидувала напад од Израел на Синајскиот Полуостров, за после тоа, под изговор заштита на странските бродови во Суецкиот Канал, да се вмешаат Велика Британија и Франција. Почетниот израелски напад требало да ги привлече египетските сили на Синајскиот Полуостров, за потоа со воздушни десанти на француските и на британските единици на подрачјето на Суецкиот Канал, да бидат отсечени и уништени. Планот за инвазија бил резултат на обединување на вековните постоечките планови за рушење на Насер, британскиот план „Musketeer“, францускиот „Revise“, односно израелскиот план за инвазија на Синај под називот „Kadesh“. На 26 октомври, Израел тајно започнал со мобилизација на сите моторизирани единици со кои располагал, подготвувајќи ненадеен удар врз Египет. Истовремено, во британските бази на Малта и на Кипар е собрана голема инвазиска експедиција која вклучувала три британски и два француски носачи на авиони.

Израелскиот напад кој го водел прославениот генерал Моше Дајан, започнал во попладневните часови на 29 октомври, со воздушен десант во реонот Мител на Синајскиот Полуостров. Паралелно со падобранскиот десант, израелските оклопни единици влегле на Синај и се споиле со падобранските единици. Во согласност со претходно договорениот план, Велика Британија и Франција на 30 октомври, заканувајќи се со воена интервенција, барале повлекување на египетските и израелските воени единици од подрачјето на Каналот во широчина од 16 километри. Бидејќи на 31 октомври истекол ултиматумот, започнале француските и британските воздушни напади врз египетските воздушни бази кои наредните денови ги прошириле и на други цели. САД, на 30 и 31 ноември, со согласност на Советскиот Сојуз во Советот за безбедност на ОН, во неколку наврати предлагале донесување на резолуција со која ќе се осуди Израел и ќе се бара повлекување од Синајскиот Полуостров, но резолуцијата пропаднала бидејќи Франција и Велика Британија ставиле вето. Истовремено, почетокот на војната претставувал и тежок удар врз напорите на ОН за постигнување траен мир во регионот на мисијата UNTSO, бидејќи со почетокот на војната речиси било поништено примирјето кое било склучено помеѓу Египет и Израел во 1949 година.

(продолжува во наредниот број)
м-р Симеон Митрев





# Како да го спречиме следниот терористички на

Денес, заканата од тероризам изгледа многу поинаква отколку пред нападите на 11 септември. Безбедносната заедница на САД драматично ги зголеми своите разузнавачки способности. Американската влада реши да ги елиминира слабите точки, создаде нови безбедносни агенции, а за разузнавањето постави нова парадигма – формираше центри за фузија на разузнавањето и заеднички работни групи за соработка и интеракција. Граничното обезбедување на САД беше засилено, а во Авганистан беше соборен талибанскиот режим, кој беше заштитник на терористичката организација „Ал Каеда“. Во Ирак и во Сирија, ограноците на „Ал Каеда“ и на „Исламска држава“ се деградирани, а нивните упоришта уништени. Огромниот притисок што го извршија САД и нивните сојузници врз терористичките засолништа, драстично ја намали заканата од комплексен и катастрофален терористички напад кој доаѓа од странство. Сепак, во исто време, заканата од домашниот тероризам извршен од т.н. „осамени волци“ се зголеми. Овој вид на тероризам не е нов, ниту пак е ограничен на верскиот тероризам, всушност, според студија на ФБИ и Одделот за домашна безбедност на САД, од 2000 до 2016 година, белите расисти убија повеќе луѓе во САД од која било друга група на домашни екстремисти. Но, сепак, овој тип на тероризам, а особено следбениците на ИД ја искористија моќта на социјалните медиуми за да инспирираат, главно млади луѓе, да извршат насилство. Во 2014 година, портпаролот на ИД - Абу Мухамед ал Аднани, ги информираше следбениците ширум светот да бидат подготвени кога ќе се соочат со можноста да убијат:...„Убијте на кој било начин, со камен, со нож или да ги прегазите со вашиот автомобил“. Според анализите на безбедносна студија направена во периодот помеѓу 2014 година и 2017 година, идентификувани се 51 терористички напади во Европа и во Северна Америка. Во овие напади извршителите немаат надворешни врски, обука или насоки, но сите имаат заеднички џихадистички инспирации преку интернет. Малата терористичка група од Авганистан се претвори во дифузно движење на радикализирани

Веднаш по терористичките напади на 11 септември, САД беа решени никогаш повеќе да не дозволат тајните терористички мрежи да извршат напад на американска почва. Во таа насока започна и развивањето на стратегијата за борба против тероризмот. Администрацијата на претседателот Џорџ Буш, а подоцна и на Обама, развија стратегија позната како „глобална војна против тероризмот". САД се обиде да ги неутрализира терористичките засолништа каде и да се појават, а често во борбата против тероризмот соработуваа со своите сојузници. Во одредени случаи дејствуваа сами, како во специјалната операција за фаќањето на лидерот на Ал Каеда-Осама бин Ладен






Која е вистинската стратегија за справување со оваа нова фаза во борбата против тероризмот? За да добиеме одговор потребно е да се соочиме со неколку главни предизвици: засолништата кои ги штитат терористите за планирање и извршување нови напади, виртуелните засолништа низ кои терористичките организации ги мобилизираат групите и поединците за да извршат насилство и глобалната и домашната средина која сè повеќе е гостопримлива за терористите



поединци кои планираат напади низ целиот свет.
Веројатноста за извршување напади со размери на 11 септември е намалена, но е далеку од целосно анулирање. Новата генерација на „Ал Каеда" – синот на Осама бин Ладен , Хамза, во 2015 година објави неколку аудиоснимки преку кои ги повикува следбениците да извршат терористичко насилство. Разни филијали на „Ал Каеда", како на пример „Џабхат ал Нусра", поточно опишана како „Ал Каеда во Сирија", сè уште имаат намера да ги нападнат САД. Исто така, и „Ал Каеда" на Арапскиот Полуостров, или филијалата на јеменската организација, упорно докажува дека е фиксирана на напаѓање на авиони. ИД се соочува со пораз во Ирак и во Сирија, но и покрај тоа се обидува да го одржи брендот со осум филијали ширум светот. Огранокот на ИД во Египет во 2015 година сруши патнички авион. Во 2017 година австралиската полиција објави дека спречила напад на ИД при обид да сруши патнички авион. Една од најсигурните и докажани стратегии за спречување на таквите напади е лишување на терористичките групи од слободно и безбедно движење по недопрените предели кои се протегаат од Авганистан до Северна Африка, каде што тренираат и ги планираат терористичките напади. Иако физичките безбедни засолништа и денес им се потребни на терористичките организации, порастот на виртуелните безбедни засолништа и шифрираните комуникации им овозможи нов начин за тајно планирање на нападите, за кој сè уште не постои замена. Меѓутоа предностите на физички безбедната територија се незаменливи, бидејќи на терористите им нуди сигурни приходи често преку продажба на нафта, простор за детаљно планирање на нападите, како и човечки ресурси преку доброволна и присилна регрутација. Затоа, мора да се продолжи со притисок врз безбедните засолништа.
Современите противтерористички операции се зајакнати со беспилотни летала, а нивната употреба беше критикувана во однос на носењето на одлуки за одредување на целите и, секако, причинетите цивилни жртви.
Во таа насока администрацијата на претседателот Обама разви пакет на стандарди преку кои се зголеми легитимноста на овие операции.
Овие стандарди наложуваат пред употреба на беспилотно летало во противтерористички операции, гаранција дека нема цивили кои би биле повредени или убиени во нападите. Меѓутоа, воената предност стекната со беспилотни летала е невозможно да се одржи во недостаток на стабилна влада и способни партнери на теренот, на пример со Либија и со Јемен. Администрацијата на Обама ги засили операциите во Ирак и во Сирија, го зголеми бројот на војници, бројот на воздушни напади и употребата на специјалните единици. За да се нанесе траен удар и пораз на „Ал Каеда" и ИД, а воедно и да се спречат да ги користат безбедните засолништа, западните сојузници треба да продолжат со варијанта на оваа засилена стратегија.
Планот на претседателот Трамп за пораз на тероризмот, наликува на неговиот претходник, но со дополнителен елемент на делегирање поголем авторитет на командантите на ова поле. Меѓутоа, воените операции секогаш ќе бидат половично решение доколку не се поддржани од долгорочна стратегија во која ќе бидат вклучени сите партнери на западните сојузници кои ќе овозможат одржлива безбедност и дипломатија.
Во недостиг на безбедни засолништа терористите од ден на ден ќе стануваат



сè покреативни. Администрацијата на претседателот Трамп стави акцент на безбедноста во воздухопловството, а пример е привремената забрана за користење на лаптопи во патничките летови кои потекнуваат од одредени аеродроми во светот. Оваа мерка ги поттикна меѓународните превозници да ги подобрат своите безбедносни процедури. Не е новина дека и терористите експериментираат со беспилотни летала. Иновациите коишто најмногу ги користат терористите се социјалните медиуми. „Осамените волци“ никогаш не се вистински сами, тие свесно бараат и наоѓаат заедници преку интернет. За да ја привлече младата ранлива популација ширум светот, ИД создаде софистицирана медиумска машина која споделува професионално креирани видеа, повеќе јазични твитови, списанија и постови на Инстаграм, кои како вирус се шират помеѓу следбениците на милитантните терористички организации. Владата на САД во оваа борба на социјалните медиуми презема сериозни чекори. Група на технолошки компании го создадоа

Стратегиите за борба против тероризмот кои во минатото претрпеа серија на модификации успеаја да спречат неколку напади од размери на 11 септември, а во голема мера поради успешно изградената безбедносно-разузнавачка мрежа

Глобалниот интернет форум за борба против тероризмот, посветен на изработка на платформи кои нема да бидат гостопримливи со терористите. Фејсбук, кој може да се пофали со повеќе од две милијарди активни месечни корисници, користи вештачка интелигенција и технологија за спречување на ширење на познатата терористичка содржина на говор на омраза и насилство. Твитер укина повеќе од 375 000 сметки кои го промовираат тероризмот. Меѓутоа, механичкото бришењето со рака не е доволно, и платформите за социјални медиуми ќе треба да ги подобруваат своите алгоритми за автоматско откривање на екстремистички содржини - меѓународни и домашни и веднаш да ги забрануваат. Меѓутоа, она што најмногу може да влијае врз иднината на терористичките закани е нестабилноста на државите на Блискиот Исток која ја користи Иран и неговите поддржувачи, слично на состојбата во Источна Европа која ја искористува Русија. Идната закана ќе биде дефинирана од овие области кои претставуваат сигурно засолништа за терористите, а исто така се привлечни и за странските борци, инспирирани од насилството кое се спроведува во нив. Државите од Блискиот Исток можат да сметаат на Западните сојузници како гарант за нивната безбедност. Кампањата против ИД е успешна, меѓутоа според процените, околу 40.000 борци коишто дошле од повеќе од 120 земји да се борат за ИД, дел од нив ќе почнат да се враќаат дома. Со оглед на тоа што овие борци поминале неколку години на бојното поле, поголема загриженост за западните демократии сега претставуваат „квалитетно" обучените терористи повратници. Европа ќе се соочи со директна закана од одлично обучените повратници од боиштата на Блискиот Исток, повратници од типот на извршителите на терористичките напади во Париз 2015 година и во бомбашките напади во Брисел во 2016 година. Во споредба со САД, европските држави треба да ги преиспитаат своите политики и практики за размена на информации помеѓу безбедносните и разузнавачките агенции, бидејќи тоа што се случува во Европа е многу важно и за САД. Од голема важност е дијалогот помеѓу НАТО партнерите во нивната противтерористичка соработка и размена на разузнавачки информации со и помеѓу европските земји. Сите превенирани терористички напади во минатите години беа спречени поради прецизните разузнавачки информации на тактичко ниво и квалитетните организациски преструктуирања. Треба да бидеме свесни дека повеќето од конвенционалните начини и верувања за спречување на следните терористички напади се погрешни и дека само со организациски реформи нема да постигнеме многу. Анализите на неуспешните терористички напади ни укажуваат дека најефективните разузнавачки информации биле собрани дома како резултат на локалните разузнавачки напори. Потребен е сериозен пристап кон домашните разузнавачки податоци, сè додека добиваме разузнавачки информации кои се потребни за да ги спречиме идните напади, притоа внимавајќи на балансот за граѓанска слобода и права.

д-р Ненад Танески



# Одбележан 21 Декември – Ден на Военомедицинскиот центар

На платото пред Бригадата за логистичка поддршка, Военомедицинскиот центар свечено го одбележа 21 Декември – Денот на единицата, на која присуствуваа: началникот на Штабот и началниците на секции од Бригадата за логистичка поддршка, команданти на бригади и баталјони од составот на АРСМ, поранешни команданти и други гости. Своето излагање, командантот на Военомедицинскиот центар, полковник Ирена Минева, го започна со една мудра мисла на Махатма Ганди: „Здравјето преставува вистинско богатство, а не парчиња од сребро и злато”. Исто така, таа нагласи дека Военомедицинскиот центар е дел од Армијата, центар кој има мисија да го зачувува и да го подобри здравјето на припадниците на Армијата континуирано, секаде и секогаш. На крајот од говорот, полковник Ирена Минева, на сите припадници на Военомедицинскиот центар им го честиташе 21 Декември – Денот на единицата. Началникот на Штабот на Бригадата за логистичка поддршка, потполковник Александар Стојчевски, честитајќи им го денот на единицата, пред присутните истакна дека Военомедицинскиот центар, покрај редовните задачи, активно е вклучен и во поддршка на сите воени вежби, меѓу кои, секако, и најголемата вежба „Одлучен удар”, а даде несебична поддршка за медицинската обука на припадниците на Армијата на МВР, ДЗС, ЦК и за припадниците на повеќе странски армии. Потврда за нивната професионалност се добиените високи признанија и одликувања, што нас посебно нѐ прави горди. Во продолжение на свеченоста се прочитаа добиените честитки по повод 21 Декември, Денот на Военомедицинскиот центар од другите единици, а се прочитаа и стимулативните мерки за постигнатите резултати во работењето на припадниците од Военомедицинскиот центар од страна на началникот на ГШ, командантот на Бригадата за логистичка поддршка и Военомедицинскиот центар. На овој налин заврши и свеченоста по повод 21 Декември, Денот на Военомедицински центар.



# Примопредавање на должноста командант на 3. логистички баталјон

На воена свеченост по повод примопредавање на должноста командант на 3. логистички баталјон, која се одржа на ден 19.12.2019 година во касарна „Илинден” во Скопје, се изврши примопредавање помеѓу потполковник Билјана Николовска, која ја предаде должноста и мајор Седат Мемети кој ја прими должноста. На свеченоста беа присутни командантот на Бригадата за логистичка поддршка, полковник Мухарем Мухареми, началниците на секции, командантите на првопотчинетите единици на Бригадата, команданти на единици во Армијата, претставници од Министерството за одбрана и други поканети гости. Командантот на Бригадата за логистичка поддршка, полковник Мухарем Мухареми, во своето обраќање го истакна значењето на 3. логистички баталјон во извршувањето на логистичката поддршка на најголемиот број на единици и команди на Армијата во зоната на одговорност, односно гарнизоните Скопје и Петровец, како и на многубројните меѓународни активности кои се случуваат. Полковник Мухареми, на крајот од своето обраќање, на досегашниот командант ѝ посака многу успех на новото работно место и благодарност за постигнатото во единицата, а на новиот командант му посака успех на должноста и навремено и квалитетно извршување на работните задачи. Досегашниот командант, потполковник Билјана Николовска, во своето обраќање истакна дека оваа година се соочила со многу предизвици и активности, како што се учество на реализирани меѓународни и национални вежби, активности од областа на цивилно-воената соработка, церемонии и редовната секојдневна логистичка поддршка на сите единици. Исто така, таа ја потенцираше важноста на персоналот кој го движи Баталјонот, и им изрази благодарност за поддршката која ѝ беше доверена при извршувањето на задачите од мисијата на 3. логистички баталјон. На крајот од обраќањето таа му се заблагодари и на командантот на Бригадата за логистичка поддршка, полковник Мухарем Мухареми, како и на командантите на првопотчинетите единици на Бригадата за поддршка во работата и за беспрекорната соработка. Во обраќањето, новиот командант на 3. логистички баталјон, мајор Седат Мемети, истакна дека „успехот и резултатите не можеме да ги постигнеме доколку сите ние заедно не функционираме како тим и притоа заедно да не го дадеме својот максимум и постојано да бидеме посветени на извршување на задачите.“ На крајот од обраќањето, им посака на сите присутни многу здравје и успех на личен и на професионален план. На крајот од свеченоста се изврши и церемонијално примопредавање на военото знаме помеѓу стариот и новиот командант на 3. логистички баталјон.



м-р Зоран Василески



# „ЗВУКОТ НА

Под мотото „Звукот на соработката“ и „Звукот на Алијансата“, воениот оркестар на Армијата на Република Северна Македонија во духот на соработката, заедно со припадници на воени оркестри од армиите во регионот, веќе традиционално во пресрет на новата година одржа заеднички концерт во Домот на Армијата во Скопје.

Заедничкиот оркестар составен од припадници од воените оркестри од Армиите на Република Северна Македонија, Република Албанија и Република Хрватска, под диригентска палка на диригентите од трите оркестри изведоа едночасовен незаборавен предновогодишен концерт. Аудиториумот во исполнетата сала во Домот на Армијата, но и гледачите на првата програма на националната телевизија МТВ, имаа прилика да проследат изведби на повеќе нумери од познати светски автори. Репертоарот, составен од познати музички нумери од Мередит Вилсон, Дјук Елингтон, Наохиро Иваи, Дмитри Шостакович и други, со аплаузи од публиката изнудија дополнително изведување на музички нумери, со што се потврди и одличната соработка

# АЛИЈАНСАТА“



и синхронизираност помеѓу припадниците од трите армии. Трилатералниот предновогодишен концерт го проследи највисокото државно и воено раководство, меѓу кои: претседателот на Република Северна Македонија Стево Пендаровски, претседателот на Владата Зоран Заев, министерката за одбрана Радмила Шекеринска, началникот на Генералштабот, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, министри во владата, пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, претставници на воено-дипломатскиот кор акредитирани во Република Северна Македонија, претставници на верските заедници, активни и пензионирани генерали во Армијата, припадници на Министерството за одбрана, Генералштабот, командите и единици на Армијата и други гости. Трилатералниот предновогодишен концерт на воени оркестри од армиите со коишто соработуваме е проект во рамките на регионалната меѓуармиска соработка, кој има цел продлабочување на соработката и приближување на Армијата до граѓаните. Проектот, кој прераснува во традиција, се изведува втора година по ред.

# Повеќенаменски подзвучен едномоторен млазен авион „L-159“

L-159“ е лесен повеќенаменски подзвучен едномоторен млазен авион, кој поседува можност за воздушна одбрана, за блиска борбена поддршка, извидување, патролирање и напредна борбена обука, со можност за дејство во сите временски услови, преку ден и преку ноќ. Предноста на ова млазно летало се гледа во можноста за оперативно дејство од подготвени земјени полетувачко-слетувачки патеки, во малата цена на одржување и час летање, лесното одржување со помош на мониторинг-системот за регистрирање на дефекти и во вградениот мал дополнителен погон за самоодржливост при различни операции. Авионот, според градбата, е нискокрилец со класична конструкција, кој поседува еден вертикален стабилизатор, а вшмукувачите за воздух му се поставени на бочните страни од конструкцијата. Од леталото се развиени едноседна и двоседна верзија (со борбени можности). Леталото потекнува од светски докажаниот школско-борбен авион „L-39“, развиен во поранешната Чехословачка. Иако поседува одредени аеродинамички сличности, за разлика од својот претходник, „L-159“ поседува зајакната конструкција и продолжен нос во кој е вграден повеќенаменскиот доплер-радар „FIAR Grifo-L“, зголемена е должината на конструкцијата, на крилата, наместо 4 се поставени 6 носачи за оружје, а на централниот дел од трупот е поставен еден носач на оружје, вграден е помоќен млазен мотор и друго. Кокпитот за заштита на пилотот е лесно оклопен, со композитни материјали и керамика, и поседува поклопец кој овозможува солидна видливост. За пилотот е вградено катапулт-седиштето VS-2C (0-0) и систем за отфрлување на поклопецот од кабината. Во внатрешност на кокпитот се вградени 2 повеќенаменски дисплеи, нишанскиот HUD-модел „FV-3000“, HOTAS-команди за управување, но и аналогни инструменти како резерва. Инаку, кокпитот е компатабилен за користење на визири за ноќно летање. Од многубројната електронска опрема вградени се и комуникациски систем „Collins ARC-182“, за заштита на леталото, во кој се вградени сензори за детекција од радарска озраченост „Sky Guardian 200“ , диспензерот „Vinten Vicon 78 Series 455“ за ИЦ и дипол-мамки, за навигација се вградени „Haneywell GPS“ и ласерски жироскопски инерцијален навигациски систем, вградена е дигиталната магистрала на податоци MIL-STD-1553 и друга опрема. Внатрешно, во леталото се вградени 8 резервоари за гориво, од кои 6 се во трупот, а два на краевите од крилата. Покрај овие резервоари, леталото на 4 подкрилни носачи може да понесе уште 4 подвесни резервоари со капацитет од 500 и 350 литри.
Како погон „L-159“ користи еден турбомлазен мотор „Honeywell/ ITEC F124-GA-100“, со максимално потиснување од 28 kN. „L-159“ не поседува вграден автоматски топ во трупот, но може да се постави подвесниот контејнер „ZVI PL-20 Plamen“, опремен со 2 автоматски топови со калибар од 20 mm, кои располагаат со вкупно 210 гранати. На 6 носачи за оружје поставени под крилата и еден под трупот, леталото може да понесе палета на наведувани и ненаведувани оружја со максимална тежина од 2.700 kg, со кои може да дејствува врз цели на земја и во воздух. За борба „воздух-воздух“, леталото ја користи ракетата со мал дострел „AIM-9 Sidewinder“, а за голем дострел, по желба на корисникот, може да се користи ракетата „AIM-120 AMRAAM“. За прецизно дејство по копнени цели авионот може да ги понесе наведуваните ракети „AGM-65 Maverick“, но и наведуваните бомби „GBU-12“ и „GBU-16 Paveway II“. На носачите за оружје може да се постави касетната бомба CBU-87, но и ненаведуваните класични бомби „Mk82“ и „Mk83“. Исто така, може да се поставаат повеќецевните лансери „LAU 5002“ (6 ракети), „LAU 5003“ (19 ракети) за ненаведувани ракети „CRV7“ 70 mm и вежбовниот диспензер на оружје „SU 5003“, кој може да носи 4 ракети „CRV7“ 70 mm и 6 вежбовни бомби. Освен оружје, на носачите може да се постави нишанскиот контејнер „AN/AAQ-28(V) LITENING“, плус контејнери за електронски контрамерки и воздушно извидување. Од „L-159“ се развиени едноседни и двоседни верзии. Едноседните верзии се „L-159A“, „L-159E“ и „F/A-259“, додека двоседните верзии се „L-159B“, „L-159T1“, „L-159T1+“ и „L-159T2“. Досега се произведени 72 летала, а ги користат воените воздухопловства на Чешка и на Ирак, но и цивилните оператори од САД: „Draken International Inc.“ и „Lewis Fighter Fleet LLC“.

Ивица Дамески




1. Радар „FIAR Grifo-L“
2. Гравитациона бомба
3. Куќиште на авиониката
4. Ласерски наведувана бомба
5. Наведувана ракета „AGM-65 Maverick“
6. HUD-нишански систем за пилотот, модел „FV-3000“
7. Катапулт-седиштето „VS-2C (0-0)“
8. Питот-цевка
9. Елерон
10. Флапс
11. Резервоар за гориво
12. Вшмукувач за воздух
13. Конструкција на вертикалниот стабилизатор
14. Конструкција на кормилото
15. Конструкција на хоризонталниот стабилизатор на опашката




**16.** Турбомлазен мотор „Honeywell/ ITEC F124-GA-100“
**17.** Конструкција на крилото
**18.** Резервоар на крилото
**19.** Подвесен резервоар за гориво
**20.** Противавионска ракета „AIM-9 Sidewinder“
**21.** Касетна бомба „CBU-87“
**22.** Повеќецевен лансер на ракети од 70mm „LAU 5003“
**23.** Повеќецевен лансер на ракети од 70mm „LAU 5002“
**24.** Ненаведувана ракета „CRV7 70 mm“
**25.** Заден стоен трап
**26.** Скали за влегување во кокпитот
**27.** Подвесен контејнер со 2 автоматски топови „ZVI PL-20 Plamen“
**28.** Преден стоен трап
**29.** Вежбовниот диспензер на оружје „SU 5003“

| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА „L-159A“ | |
|---|---|
| ДОЛЖИНА | 12.72 m |
| ВИСОЧИНА | 4.87 m |
| ОПСЕГ НА КРИЛАТА | 9.54 m |
| ПОВРШИНА НА КРИЛАТА | 18.80 m 2 |
| ТЕЖИНА,ПРАЗЕН | 4.350 kg |
| МАКСИМАЛНА ТЕЖИНА ПРИ ПОЛЕТУВАЊЕ | 8.000 kg |
| КАПАЦИТЕТ НА ВНАТРЕШНО ГОРИВО | 1.547 kg |
| ДОЛЕТ СО ВНАТРЕШНО ГОРИВО | 1.570 km |
| ПОГОН | Еден турбомлазен мотор „Honeywell/ ITEC F124-GA-100“, со максимално потиснување од 28 kN |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА | 936 km/h |
| БРЗИНА НА ИСКАЧУВАЊЕ | 53 m/s |
| БОЕВ ТОВАР | 2.700 kg |
| ПЛАФОН | 13.200 m |
| Г-ОПТОВАРУВАЊЕ НА КОНСТРУКЦИЈАТА | од -4 до +8 Г |



# „Mikoyan-Gurevich MiG-21“

МиГ-21“ стана стандарден советски ловец со инзвонредни радари, моќни мотори и други модификации. Авионот е веројатно еден од најпознатите советски авиони, опериран од многу нации и изграден во поголем број од кој било воен авион од Втората светска војна. Тој беше дизајниран како одговор на потребите на Корејската војна и научените лекции. Приближно 60 земји на четири континенти летале со „МиГ-21“ и сè уште им служи на многу нации во светот, шеесетина години по неговиот прв лет. Авионот е продолжение на советските борбени авиони, започнувајќи со субсоничните „МиГ-15“ и „МиГ-17“, сè до суперсоничниот „МиГ-19“. Познат е под НАТО-известувачкото име „Fishbed“. Советите го мразеа именувањето од НАТО, исто како што ги мразеа и другите западни имиња за своите воздухоплови. Развојот на она што ќе стане „МиГ-21“ започна во раните 50-ти години на минатиот век, кога во 1954 година бирото за дизајн „Микојан-Гуревич“ ја завршил прелиминарната студија за дизајн за прототипот назначен како „Ye-1“. Овој проект набргу бил преработен, откако е утврдено дека планираниот мотор не е доволно моќен за оваа конструкција. Редизајнот го направил својот прв лет на 16 јуни 1955 година, а првото појавување во јавноста се случило за време на прикажувањето на Советскиот ден на авијацијата на московскиот аеродром „Тушино“ во јули 1956 година. Генерално, тестирањето започнало во 1954 година, а првата верзија е во употреба од 1960 година како „МиГ-21Ф-13“.
Во поранешниот СССР биле изградени вкупно 11.496 авиони (целокупниот рекорд на произведени авиони го држи „МиГ-15“ со околу 18.000 примероци). Тие биле произведени во три фабрики: во Москва, во Горки и во Тбилиси. Вкупно 194 „МиГ-21F“ се изградени под лиценца во Чехословачка, а во Индија биле изградени 657 „MiG-21“ модели. Индија е најголемиот оператор на „MiG-21“. Во 1961 година, индиските воздушни сили решиле да го набават „МиГ-21“ во конкуренција на неколку други западни производители. Како дел од договорот, Советскиот Сојуз ѝ понудил на Индија целосен трансфер на технологијата. Поради масовното производство и технологијата, авионите биле многу евтини. На пример, варијантата „MiG-



21MF“ била поевтина од возилото „BMP-1“ (советско амфибиско пешадиско борбено возило). Американците се обидоа да создадат суперборбени авиони во мал број, но Советите сакаа да го наполнат небото со илјадници едноставни, лесни и сигурни авиони. На крајот, таа стратегија работеше прекрасно со пушката „АК-47“. Она што е за пешадиското вооружување пушката „АК-47“, тоа беше „МиГ-21“ за ловечката авијација. Кога американските воздухопловни сили како инструктори управуваа „МиГ-21“, дел од нив изјавуваа дека воздухопловот е „ист како вашиот семеен автомобил, сè додека е полн со гориво, го вадите од гаражата и го стартувате“. Одржувањето обично се состоело од менување на маслото, сопирачките и гумите после секој 50-ти излез. Иако технолошки инфериорен авион во однос на понапредните борбени авиони со кои честопати се соочуваа, ниските трошоци за производство и одржување го направија омилен за купување од страна на повеќе нации. Неколку руски, израелски и романски фирми започнаа да нудат пакети за надградба на воздухопловите „МиГ-21“, со цел да ги доведат авионите до модерен стандард, со многу надградена авионика и вооружување.



Авионот „МиГ-21“ е суперсоничен борбен авион, пресретнувач, дизајниран од бирото за дизајн „Микојан-Гуревич“ во времето на Советскиот Сојуз. Тоа беше првиот успешен советски авион кој комбинираше борбени и пресретнувачки карактеристики во еден воздухоплов

## Карактеристики

Овој воздухоплов направи авијациски рекорди, стана најпродуциран суперсоничен авион во историјата на авијацијата, со најдолго временско производство на борбени авиони. Во 1957 година постигнал висински рекорд со достигнување на височина од 25.600 метри, а во 1961 година височина од 34.714 метри. Прв ловечки авион кој ќе влезе во историјата со брзина поголема од 2.3 маха (рекордот во брзината од 2.388 км/час е воспоставен во 1959 година).

Како и многу авиони дизајнирани како пресретнувачи, „МиГ-21“ имаше краток долет. Ова беше влошено со лошата поставеност на внатрешните резервоари за гориво пред центарот на гравитација. Овој ефект влијаеше авионот да биде статички нестабилен до тој степен што беше тешко да се контролира и резултираше со траење на летот од само 45 минути. Кинеските варијанти донекаде го подобриле изгледот на внатрешниот резервоар за гориво а, исто така, и втората генерација од советските варијанти. Ова доведе до развој на варијантите MT и SMT. Овие варијанти имаа зголемен тактички долет од 250 км во споредба со „МиГ-21SM“, но по цена на влошување на другите параметри за перформансите, како што е максималната височина на лет и побавното темпо на добивање поголема надморска височина.

Делта-крилото, иако е одлично за брз пресретнувач, значеше форма на брзо губење на брзината. Стапката на искачување од 235 метри во секунда, беше во корелација и соодност со перформансите на подоцнежниот „Ф-16А“. Авионот можеше да даде добар одговор со неговите G-граници кои беа зголемени од + 7G во почетните варијанти на + 8.5G во најновите варијанти.

Авионот за прв пат отиде во војна во 1965 година, која се случи помеѓу индиските и пакистанските пилоти, иако немаше вистинска воздушна борба. Првата победа на „МиГ-21“ дојде следната година, над Виетнам, кога северновиетнамски пилот соборил американски дрон за набљудување.

Во текот на 1966 година Израел бил опкружен со многу авиони „МиГ-21“. Советите им обезбедиле на своите клиенти, државите Египет, Сирија и Ирак, 194 парчиња, како дел од огромното арапско соединување на трупи, тенкови и авиони, со цел да го избришат Израел од мапата. Грешката е направена кога Арапите чекале предолго и рано утрото на 5 јуни 1967 година, Израел прв ја започнал шестдневната војна со превентивен напад и ги уништил на земја повеќето од авионите „МиГ“, како и другите арапски авиони стационирани на пистите.

Драган Павловски

| ГЕНЕРАЛНИ КАРАКТЕРИСТИКИ | |
|---|---|
| ДОЛЖИНА | 15,76 м |
| ВИСОЧИНА | 4,10 м |
| ТЕЖИНА НА ПРАЗЕН ВОЗДУХОПЛОВ | 5.200 кг |
| МАКСИМАЛНА ТЕЖИНА НА ПОЛЕТУВАЊЕ | 10.400 кг (при споредливи бруто-тежини оптоварени со борбени вредности, „Ф-4“ беше четири пати потежок од „МиГ-21“) |
| ПЛАФОН НА ЛЕТ | просечно 18.000 м |
| ДОЛЕТ | 1160 км |
| ЗЕМЈИ-ОПЕРАТОРИ | Авганистан, Алжир, Азербејџан, Ангола, Бугарија, Камбоџа, Конго, Куба, Египет, Етиопија, Чешка, Гвинеја, Хрватска, Индија, Југославија, Северна Кореја, Лаос, Словачка, Либија, Мадагаскар, Монголија, Мали, Нигерија, Полска, Гвинеја-Бисао, Романија, Србија, Судан, Сирија, Уганда, Виетнам, Јемен, Замбија и многу други. |

# „MOWAG PIRANHA“ –
## оклоп на тркала за модерното војувалиште



Оваа исклучително разновидно и модуларно возило беше произведено од 1972 година во четири деривати, 4×4, 6×6, 8×8, па дури и 10×10, сите со иста шасија и се така опремени што овозможуваат широко приспособување за секој клиент, од моторот до главното вооружување, како и евтино одржување и реконверзија. Тоа навистина е претворено во многу варијанти: возило за противвоздушна одбрана, санитетско возило, противтенковско возило, ОТ, товарно возило, командно и контролно возило или возило за електронско војување, возило за огнена поддршка, за внатрешна безбедност, носач на минофрлачи, за извлекување и извидување. Не е невообичаено купувачот да го купи возилото во една конфигурација, потоа да нарача комплети за конверзии и постепено да ги претвора застарените возила за други

> Оклопните возила на фамилијата „MOWAG“ од 1972 година имаат извонреден успех на полето на извоз, потсетувајќи на „швајцарските пикменски платенички компании“ кои талкаа на боиштата во Европа во текот на ренесансните војни

работи по ниска цена. „Mowag Piranha“ (мала и опасна риба од познатата река Амазон – „Characidae“) е извезена во 21 земја. Исто така, во голема мера е изградена под лиценца, бидејќи денес се проценува дека повеќе од 12.000 возила базирани на „Piranha“ се во служба низ целиот свет.
Најпознатиот од сите нив, варијантата 8x8, е далеку најпознат и најчест. Тоа е можеби и најпроизведуваниот 8x8 APC во западниот свет, со повеќе од 7.500 возила од оваа верзија. Тој беше влијателен модел по било какви стандарди, кој предизвика десетици лиценцирани верзии, исто така инспирирајќи многу видови, дури на пет континенти. Ова го вклучува концептот на IFV и уништувачи на тенкови на тркала кои се популарни денес во многу армии, бидејќи тие можат да ги заменат скапите тенкови во конфликти со низок интензитет и асиметричните војни. Компанијата „MOWAG“ („Motorwagenfabrik AG“) е основана во 1950 година во Кројцлинген како компанија за автомобили, во приватна сопственост на инженерот Волтер Руф. Наскоро беше позната по своите специјализирани 4x4 камиони, а веќе се здоби со договор за швајцарската и германската армија со „Mowag T1 4x4“ во 1953 година. Но, со текот на времето, опсегот брзо се прошири,



Оклопните возила „Piranha“ се амфибиски повеќенаменски оклопни борбени возила, кои се одликуваат со голема мобилност и брзина, добра оклопна заштита и голема сигурност. Првиот прототип е произведен во 1972 година

компанијата почна да произведува и амбулантни возила, противпожарни возила, електрични возила, скутери и друго. Компанијата брзо станала главен снабдувач на оклопни возила за швајцарската армија и го достигна својот максимум во 1972 година со откривањето на „Piranha“, која стана моментален извозен успех. Две илјади и повеќе деривати сега се лиценцирани верзии, како на пример канадскиот „Coyote“ и американскиот „Stryker“. Оклопните возила „Piranha“ се амфибиски повеќенаменски оклопни борбени возила, кои се одликуваат со голема мобилност и брзина, добра оклопна заштита и голема сигурност. Првиот прототип е произведен во 1972 година. Истата година започнува и сериското производство на верзијата 4x4, 6x6 и 8x8. Докажаната практична употребливост на овие возила придонесе до понатамошен развој и усовршување според веќе докажаниот концепт од кој произлегува втората генерација на „Piranha“, означена како „Piranha 2“. Сериското производство и употребата на оваа верзија започнува во текот на 1979 година. Докажаните можности на возилото „Piranha 2“ предизвикува голем интерес и желба за лиценцирано производство во неколку држави како што се Канада (General Motors Defence), Велика Британија (Alvis Vehicles) и Чиле (FAMAE). Во 1996 година е претставена верзијата „Piranha III“ , во конфигурација на тркала 6x6, 8x8 и 10x10, која за разлика од претходната верзија има значајни подобрувања, но истовремено задржувајќи го докажаниот концепт на повеќенаменски дизајн и модуларност на концепцијата. Верзијата „MOWAG Piranha III“ досега има солиден успех на пазарот со продадени над 3.500 возила, а на воениот пазар сè уште постои голем интерес за овие возила. Компанијата во Кројцлинген, исто така има долга и непрекината линија на производство на оклопни возила:

- „MOWAG Wotan MR 8“ (4x4), оклопен транспортер, прво производство 1959 година;
- „MOWAG Roland“ (4x4), оклопен транспортер, прво производство 1963 година;
- „MOWAG Puma“ (6x6), оклопен транспортер, прво производство 1966 година;
- „MOWAG Grenadier“ (4x4), оклопен транспортер, прво производство 1967 година;
- „MOWAG Piranha“, семејство на оклопни возила, прво производство 1972 година;
- „MOWAG Spy“ (4x4), извидувачко возило, прво производство 1980 година;








- „MOWAG Shark“ (8x8), оклопно извидувачко возило, прво производство 1981 година.

Со повеќенаменското оклопно возило на тркала „PIRANHA“, швајцарската компанија „MOWAG“ направи вистински „бум“, што се однесува на модерниот оклоп на тркала. Со повеќе од 6.500 возила доставени ширум светот, крајот на производството на овие возила сè уште не се гледа и возилото континуирано се модернизира.
Опсегот на конфигурации од 4x4 до 10x10 и предлозите се направени за интегрирање на тешки средства во шасијата.
Денес, корисниците на фамилијата повеќенаменски оклопни возила „Piranha“ се повеќе од 21 армија, повеќе од нив се членки на НАТО (САД, Данска, Шпанија и други). Дел од овие држави-корисници создадоа и сопствени борбени возила базирани на „Piranha“ кои се опремени и приспособени според нивните потреби, како на пример „LAV -25“, „Stryker“ во САД, „Гризли“ и „LAV III“ во Канада, „ASLAV“ во Австралија и други.
Оклопното возило „Piranha III“, во споредба со постарите верзии, е базирано на нова лесна оклопна каросерија, дизајнирана со варијабилна и зголемена балистичка заштита, воедно со поголеми перформанси во однос на корисната тежина/тежината на возилото, и со зголемен внатрешен волумен.
Како дополнителен модуларен оклоп за возилото се користат композитни плочи, кои за брзо време можат да се поставaт или да се извадат (замена по потреба), вклучувајќи и оклоп за заштита од мини. Оклопот за заштита од мини се поставува на долниот дел од возилото, што може да биде сигурна заштита од мини со тежина до 8 кг. Севкупниот оклоп поставен на предниот дел од возилото овозможува ефикасна заштита од директна стрелба на автоматски топ со калибар од 30 мм. Инаку, оклопот овозможува 360 степени оклопна заштита од дејство на лесни пешадиски оружја, тежок митралез од 12,7 мм и 14,5 мм, како и заштита од шрапнели од артилериски гранати. Возилото е опремено и со лансер на чадни гранати (6 или 8) со калибар од 76 мм.
За да се понуди поголемо ниво на заштита за борбените возила на пешадијата, „MOWAG“ ги разви возилата „Piranha IV“. Додека „воената заедница“ беше многу загрижена за премногу тешките, прескапите и премногу гломазни возила, потенцијалните потрошувачи на владино ниво ги направија тешките MRAV-решенија поради кооперативни и заеднички набавки, особено затоа што другите производители почнаа да го реализираат предизвикот. Решението на „MOWAG“ е покомпактната и значително полесната „Piranha IV“. На тој начин категоријата „IV“ влезе на сцена.
Наспроти главните конкуренти GTK/ MRAV/PWV (Gepanzertes Transport-Kraftfahrzeug/Multi Role Armoured Vehicle/ Pantser Wiel Voertuig), возилото „Piranha IV“ сè уште Е воздушно транспортабилно со „C-130 Hercules“, што е постојан услов за оперативните побарувања на поголем дел армии, на пример, за британската армија. Сепак, „Piranha IV“ нема да биде подготвена за борба веднаш после напуштањето на транспортот, туку ќе биде потребно време за интегрирање на куполата на возилото. Има интегриран хидропневматски систем на суспензија со приспособување по висина. Дизел-моторот со високи перформанси MTU ги исполнува европските регулативи за емисија во сообраќајот. Формата и материјалите се избрани за значително намалување на потписот на возилата. Балистичката заштита е дизајнирана да одговори на различните сценарија на закани со електрично заварените челични оклопни плочи со висока јачина, со додатоци за монтирање на дополнителен оклоп. Со дополнителниот тежок оклоп може да се гарантира заштита против проектили од 14,5 мм, дури и против 30 мм оклопно-пробивни проектили. Специјално дизајнираните седишта на екипажот и специјалниот оклоп на подот од возилото даваат уникатна и својствена заштита против мини со содржина до осум килограми ТНТ. Ова е највисокиот стандард во светот денес, од овој тип на заштита. Иако е нов дизајн, возилото „Piranha IV“ ги користи технологијата на погонските склопови на неговиот претходник „Piranha III“. Внатрешната зафатнина е дополнително подобрена на 12,5 m3. Така, техничкиот ризик при развојот беше минимален.
Со аквизицијата на „Vickers Defense“, ALVIS-групата презеде договор под лиценца со „MOWAG“, нудејќи го



возилото „Piranha IV“ на британскиот дел. Сличен развој може да се забележи и во САД, со тоа што „GDELS“ ја интегрира „Piranha IV“ во своите светски маркетингшки напори на семејството возила „Piranha II/LAV III/Stryker“. Прототипот на „Piranha IV“ е вооружен со OWS (Overhead Weapon Station) RLS 609 од „Rheinmetall“, со 12.7 mm M2HB-митралез. Кога има улога на оклопен транспортер може да биде опремен со различни видови на стабилизирана купола од двајца (two man), вооружена со топ 30 мм за брзо гаѓање „Bushmaster II“ и 7.62 мм коаксијален митралез „M240“. Ова возило има можност за испукување при движење со подготвени 190 проектили 30 мм и 400 куршуми 7,62 мм. Возилото за прв пат беше прикажано во Париз во 2002 година.

Верзијата 8x8 во голема мера е камен-темелникот на продажбата на овие возила, главно во Европа но, исто така, и на Блискиот Исток (ОАЕ, Катар, Оман), во Африка (Либерија, Гана и Боцвана), на Пацификот (Австралија и Нов Зеланд) и, што е значајно да се спомене, и во Америка (САД, Канада, Чиле и Бразил). Се разбира Австралија, САД и Канада со „LAV“ и „Stryker“ тешко може да се сметаат како извоз, бидејќи се изградени локално, на соодветни спецификации, но основниот дизајн и многу патенти поврзани со него се извори на швајцарската компанија „Mowag“.

Оператори на овие оклопни возила, како и возила кои се произведени врз база на „Mowag Piranha“ се:

Австралија: 257 ASLAV (I), лиценциран, Белгија: 242 IIIC во 7 верзии, Боцвана:45 IIIC, Бразил: 30 IIIC за маринскиот корпус, Канада: 491 AVGP (I) и 199 Bison (II) лиценца, Чиле: 125 Piranha I, лиценца изградена од Cardoen & FAMAE, Данска: 18 IIIH, 115 IIIC со Lemur 12,7 OHW, ЕАУ: 1249 (II) за Националната гарда на Саудиска Арабија, Гана: 63 (I), Ирска: 80 (IIIH), Либерија: 10 (I), Оман: 174 (II) во 7 верзии, Монако: 2 (V) за Carabiniers Monégasques (чувари), Романија: 33 IIIC, Шпанија: 39 IIIC, Шведска: 33 IIIC, Швајцарија: 100 (I) TOW и 500 (II) APC93. Во 2001 година произведен е првиот прототип на „Piranha IV“, додека во 2007 година „Piranha V“.

Со производството на возилата „Piranha“, компанијата „GDELS“, во која е вклучена и швајцарската „Mowag“, се искачи на светскиот врв на производители на борбени возила. Според експертите од оваа област, иднината на овие возила е загарантирана во наредните триесетина години, а за нивната популарност сведочи и сè поголемата заинтересираност на многу земји кои со нив сакаат да ги опремаат своите вооружени сили.

Идриз Идризоски



| СПЕЦИФИКАЦИИ НА ВЕРЗИЈАТА „PIRANHA IV“ 8X8 | |
|---|---|
| МОДЕЛ | 8x8 |
| ПОСАДА | 12 војници |
| ТЕЖИНА | 15 тони |
| ТЕЖИНА | 25 тони (battle ready) |
| ДОЛЖИНА | 7,24 метри |
| ШИРОЧИНА | 2,8 метри |
| ВИСИНА | 2,2 метри (основна конфигурација); |
| МОТОР | MTU Diesel 544 hp |
| ТРАНСМИСИЈА | ZF-Ecomat automatic transmission 7 forward and 2 revers gears |
| АВТОНОМИЈА НА ОПСЕГ | 750 km |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА НА ПАТ | 100 km/h |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА ПРИ ДВИЖЕЊЕ НАНАЗАД | 13 km/h |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА НАКЛОН | од 60%; |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА СТРАНИЧЕН НАКЛОН | 30%; |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА ВЕРТИКАЛНА ПРЕПРЕКА: | 0,7 м; |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА РОВ: | 2 м; |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА ВОДЕНА ПРЕПРЕКА: | 1,5 м; |
| РАДИУС НА ВРТЕЊЕ: | 1800 см; |
| СУСПЕНЗИЈА: | „independent“, со полуактивни хидропневматски елементи приспособени за висина; |
| АМОРТИЗЕРИ: | хидраулични, интегрирани во хидропневматски елементи; |
| ГУМИ: | 395/85/R20 „run flat“; |
| ИМА СИСТЕМ ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ПРИТИСОКОТ | |
| СИСТЕМ ЗА КОЧЕЊЕ: | шестркужен, пневматски систем со ABS |
| ЕЛЕКТРИЧЕН СИСТЕМ | 24 V |
| ИМА СИСТЕМ ЗА ЗАДУШУВАЊЕ НА ПОЖАР | |
| NBC-СИСТЕМ | опционално, „overpressure“ или со заштитни маски за лице; |
| КЛИМА-СИСТЕМ | опционално 12 kW „cooling capacity“, „heater kit“; |
| ОПРЕМА ЗА НОЌНО НАБЉУДУВАЊЕ | опционално. |



# „АРЧЕР“ („ARCHER FH77 BW L52“) – 155мм

## Скандинавски артилерец

Проектот „АРЧЕР“ има свои почетоци од 1995 година и бил наменет за потребите на армиите на Шведска и на Норвешка. Во таа насока, „БАЕ-системс Bofors“ во Karlskoga, Шведска, проектирале FH77 BW L52-самоодна хаубица 155 мм на шасија 6х6. Хаубицата има дострел од 35 до 40 километри, со користење на стандардна муниција и 50 километри со „М982 екскалибур“. Хаубицата, исто така, може да користи и бонус-муниција развиена од страна на „Bofors“ и „Giat“ (сега Nexter). „Арчер“ („Стрелец“) е името на целосниот систем: 77BW L52-самоодна хаубица, дополнителна муниција и возила за поддршка (возило со муниција за пополнување-снабдување на самоодната хаубица со проектили). Самоодната хаубица е целосно автономна и може да се користи за



огнена поддршка при традиционално војување (класични воени дејства), како и во современите меѓународни мировни операции во делот на спроведување и поддршка на мирот.



## Развој на самоодната хаубица „Арчер“

Во 2003 година, „Försvarets Materielverk“ (FMV), шведската агенција за развој на одбраната, доделува договор од „Bofors“ (сега BAE Systems Bofors), за производство на две самоодни хаубици. Прототипот на самоодни хаубици „FH77 BW L52“ го означува почетокот на процесот на

Проектот „Арчер“ е интернационален проект кој имал цел да развие самоодна хаубица од 155 мм, која по сите перформанси ќе биде хаубица на новата генерација самоодни хаубици во светски рамки

испитувања во Шведска во 2005 и во 2006 година.
Во септември 2006 година, „FMV“ потпиша договор за детален дизајн на „Арчер“, а во јануари 2007 година, договор за следната фаза на развој. Шведската армија имаше потреба од 24 системи (два баталјони), а конечниот развој и набавка на системите „ Арчер“, шведската Влада го одобри во септември 2014 година. Во ноември 2008 година, Шведска и Норвешка потпишаа договор за соработка и развој на системите „Арчер“, а во јануари 2009 година, „БАЕ-системс“ потпишаа договор за нивна дистрибуција. Конечниот прототип беше направен во јули 2009 година, проследен со договор за 48 системи – 24 за Шведска и 24 за Норвешка. Прототиповите беа завршени во 2010 година и системите „Арчер“ влегуваат во оперативна употреба во мај 2012 година. Системите „Арчер“ се развиени од претходната влечна хаубица 155 мм „FH77 L39“, од кои повеќе од 700 се во служба во шведските, нигериските и индиските воени сили.

## Моторниот дел на системот „Арчер“

Платформата на системите „Арчер“ е модифицирано возило на „Volvo A30D“, 6x6, наменето за сите теренски услови.
Кабината на возилото и моторот се целосно оклопни. Кабината е со блиндирани прозорци и е отпорна на куршуми и на фрагменти од гранати. Кабината е дизајнирана за четири лица, но хаубицата може





да се опслужува со три или четири членови на послугата. Воедно, конструкцискиот дел на кабината е дизајниран да има врата за секоја страна и кружен отвор на покривот.

## Вооружувањето на системот „Арчер“

Главното оружје на системот е топ 155 мм, со должина на цевката од 52 калибри. Оружјето е со веќе докажан дизајн од тековната генерација на влечната хаубица „FH 77B“. Опремена е со опрема за избор на целта како слика или веќе воспоставена одредена цел, со можности за директен оган. Хаубицата е опремена со радар, со систем за контрола на огнот и со систем за позиционирање на целта. Податоците од радарот се пренесуваат директно до компјутерскиот дел на системот за контрола на огнот. Како и да е, системот „Арчер“ може да користи и други системи за контрола на оружјето коишто се нудат на пазарот. Посебниот систем за блиска одбрана е опремен со митралез 7,62 мм за дневно и за ноќно нишанење и истиот се наоѓа на кровот од кабината. Жироскопскиот стабилизатор, заштитата од парчиња од гранати (гелери), електрооптичките елементи и системите за контрола на огнот се од групацијата на „Лемур“ и тие овозможуваат дејство надвор од кабината или од внатрешноста на кабината.
Според достапните информации од февруари 2011 година, местото на групацијата „Лемур“ го презема „Сажем“ („Sagem“).

## Заштита и видови на муниција

Системот за далечинска контрола на оружјето е поставен во кабината над екипажот.
Возилото носи 21 проектил со целосен автоматизиран процес на полнење и дополнителни 21 резервни проектили. Оваа хаубица ги користите НАТО-модуларните полнења или „Bofors Uniflex 2“ модуларни полнења.

Со муницијата на „BAE Bofors / Nexter Bonus“, дострелот на хаубицата е 35 до 40 km, а со употреба на „Raytheon/ Bofors XM982 Excalibur“ муницијата, дострелот достигнува 50 километри. Муницијата „Excalibur“ е со веќе претходно програмирана траекторија на лет, односно со веќе зададена и програмирана цел.

## ТТ-карактеристики

Хаубицата „Арчер“ е високомобилен систем, опслужуван од три или од четиричлен екипаж (послуга) од заштитена кабина. Кабината овозможува заштита од 7.62 mm муниција, панцирна муниција, мини до 6 kg (level 2 STANAG 4569) и НХБ-заштита. НХБ-заштитата на системот е на принцип на создавање на надпритисок во кабината на возилото, со што се спречува навлегување на атмосферскиот воздух од надворешната средина. Хаубицата има можност за транспорт со железница и по воздушен пат со воздухоплов „А400М“. Стабилизаторите се наоѓаат на задниот дел од хаубицата и се со автоматски систем на управување.
Времето од маршевска положба до позиција „спремен за оган“ и обратно е 20 секунди.
„Арчер“ може да истрела 54 проектили за 35 минути, 21 проектил за 3,5 минути и 3 проектили за 20 секунди.
Успешно дејство со непосреден оган остварува на далечина до 2.000 метри.

Славчо Кузманоски

| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА „АРЧЕР“ (ARCHER) – 155 MM | |
|---|---|
| КАЛИБАР НА ЦЕВКАТА | 155 mm |
| ДОСТРЕЛ | 35-40 km (стандардна муниција) |
| ТЕЖИНА | 50 км (со М982 Екскалибур) |
| ДОЛЖИНА | 33.000 kg |
| ШИРИНА | 13,1 m |
| ВИСИНА | 3 m |
| ПОСЛУГА | 3,4 m |
| КЛИРЕНС | 3-4 (командир, возач и 1-2 послужители) |
| ХОРИЗОНТАЛНО ПОЛЕ НА ДЕЈСТВО | 0,4 m |
| ВЕРТИКАЛНО ПОЛЕ НА ДЕЈСТВО | +/- 85 степени |
| РЕЖИМ НА СТРЕЛБА | од - 1 степен до +70 степени |
| РАДИУС НА ДВИЖЕЊЕ | 8-9 проектили за една минута |
| СОВЛАДУВА СТРМНИНА | 650 km |
| КАПАЦИТЕТ НА РЕЗЕРВОАР | 30 степени |
| ВЕРТИКАЛНИ ПРЕЧКИ | 400 литри |
| БРЗИНА НА ДВИЖЕЊЕ НА ДОБРИ ПАТИШТА | 0,75 m |
| БРЗИНА НА ДВИЖЕЊЕ НА ЗЕМЈЕНИ ПАТИШТА – ТЕРЕНСКИ УСЛОВИ | до 90 km/h |
| М/В | до 50 km/h |
| СУСПЕНЗИЈА: | „Волво“, дизел, со 250 kW и 340 hp (к/с) |
| АМОРТИЗЕРИ: | хидраулични, интегрирани во хидропневматски елементи; |

# Слободарски традиции

Во рамките на проектот „Народноослободителната војна во Демирхисарскиот крај по течението на Жаба“, поддржан од Министерството за култура на Република Северна Македонија и Општината Демир Хисар, неодамна во регионот на селата: Ново Село, Ракитница, Кочиште и Растојца, се организираше кондиционен марш. Целта на маршот што го организираше Општинскиот одбор на Сојузот на борците од НОВ Демир Хисар и на кој учествуваа 60 учесници, претставници на Боречката организација, на ООЕ на ОРОРСМ Демир Хисар, резервни офицери од Кичево, како и жители од споменатите села, беше, негување на слободарскиот дух и традициите на НОВ.
Маршот започна од споменикот на паднатите борци од НОВ во Ново Село, каде што беше положено свежо цвеќе, а Васко Младеновски ги презентираше основни карактеристики за ова населено место и учеството на неговите жители во НОВ. Во с.Ракитница, учесниците ги пречека претседателот на м.з. Зоран Силјановски, кој ги информираше за формирањето на првата партиска ќелија во НОВ во Демирхисарскиот регион во 1941 година. Во оваа пригода проф. д-р Менде Солунчевски говореше за ликот и делото на Најдо Вељановски-Черга основачот и секретар на првата партиска ќелија во Демирхисарско. Во с.Кочиште, пред споменикот на загинатите борци во НОВ, на учесниците на маршот им се обрати Вецко Петрески, жител на селото. Потоа, учесниците на маршот пристигнаа во с.Растојца, која беше последната точка на маршот. По положувањето цвеќе на спомен-обележјето од НОВ, на присутните им се обрати претставникот на м.з. Јован Соколовски. Неговото излагање го проследија и ученици од основните училишта: „Гоце Делчев“, „Браќа Миладиновци“, и „Дамјан Груев“. Пред присутните учесници на маршот и жители на споменатите населени места, предавање на тема „НОВ во Демирхисарскиот крај по течението на реката Жаба“ оддржаа: проф.д-р Менде Солунчевски и проф. Вангелко Лозановски. Претседателот на ИО на ООЕ на ОРОРСМ Демир Хисар, Васко Младеновски, на учесниците на маршот им врачи благодарници, а заедничкиот ручек беше организиран во црквата „Света Богородица“ во с.Растојца.



# ОРОРСМ, наскоро полноправна членка на CIOR

Тетовската организација на резервните офицери, со која раководи резервниот капетан Зоран Кировски, а за која честопати сме објавувале афирмативни прилози во „Штит“, е една од најактивните која во континуитет, во текот на календарската година организира и осмислува голем број на содржини од значење за одбраната.
Неодамна, активисти на ОРОРСМ од Тетовскиот регион, поранешни припадници на Општинскиот штаб на ТО, по 16.пат го организираа своето традиционално дружење. Овојпат, тие во маршевска колона, најпрво ја совладаа патеката на релацијата од манастирите „Св.Атанасије“ и „Св. Богородица“ во Лешок – с.Варвара, во должина од 4 км, при што беше совладата висинска разлика од 150 м. На овие традиционални дружења, за разговор се отвораат значајни теми од сферата на безбедноста и одбраната. На годинешново дружење доминираше темата за долгоочекуваното рамноправно членство во НАТО. Во тој контекст ќе кажеме дека до сега ОРОРСМ во Меѓусојузничката конфедерација на резервните офицери (CIOR) беше придружна членка, а со официјалниот прием на Р.Северна Македонија како 30.полноправна членка на НАТО, ОРОРСМ ќе стане полноправна членка на CIOR. Тој момент со нетрпение го очекуваат сите членови на нашата национална асоцијација.



# Нови работни тела во ОРОРСМ

Организацијата на резервните офицери на Р.Северна Македонија како активен субјект на одбранбениот систем е постојано пред нови предизвици во смисла на успешна реализација на големиот број задачи од областа на безбедноста и одбраната. Една од позначајните е секако и ангажирањето на поголем број активисти – членови на ОРОРСМ, кои ќе дадат придонес во збогатувањето на содржините во работата, соработката со Армијата и изнаоѓањето нови организациски форми и нови современи методи кои ќе обезбедат поголеми резултати. Определувајќи се за нови методи во работата, односно мотивирање на што поголем број членови и активисти кои ќе бидат непосредно вклучени во органите и телата на ОРОРСМ, тоа практично значи дека покрај малиот број стручни лица професионално ангажирани во реализацијата на годишните програми за работа, ќе бидат непосредно ангажирани и активисти врз волонтерска основа. Со други зборови, целокупната проблематика која ќе биде согледувана и анализирана од страна на ИО и од Собранието, претходно ќе биде предмет на внимание на повеќе работни тела – комисии и секции. Во таа насока, во ОРОРСМ се формирани 4 комисии (Комисија за меѓународна соработка, чиј претседател е резервниот потпоручник Никица Бангиева; Комисија за обука, чиј претседател е резервниот поручник Борис Алчев; Комисија за традиции, чиј претседател е Божин Милосавлевски; Комисија за материјално-финансиско работење, чиј претседател е Кирил Партенов) и 3 секции (Секција на резервни офицери – медицинари, чиј претседател е резервен поручник д-р Љупчо Пасинечки; Секција на резервни офицери-инженери и информатичари, чиј претседател е Крсте Јовчевски и Секција за спорт и воени вештини, чиј претседател е Златко Илиевски). Исто така, формирана е Комисија за кадровски прашања, во чиј состав се наоѓаат: претседателот, потпретседателот и секретарот на ОРОРСМ, како и претседателот на Комсијата за статутарни прашања и претставник на МО.



Живко Трајановски



# Кафето – омилениот пијалок на сите војници

По забележувањето на штетниот ефект на алкохолот врз војничките перформанси, додадокот од алкохол бил заменет со кафе и оттогаш кафето е сеприсутен социјален пијалок во многу војски. Така, денес, американските војници често се поврзуваат со шолја кафе. Кафето е вклучено во животот на американските војници уште од Граѓанската војна. Читајќи низ дневниците од Граѓанската војна, често се споменува кафето, па, така, зборот „кафе“ е напишан повеќе пати отколку зборот „мајка“, „војна“, „топ“, „ропство“ или Линколн. За време на Граѓанската војна, војниците на Унијата добивале нешто повеќе од 16 килограми кафе годишно. Некои војници на Унијата добивале пушки со механичка мелница вградена во кундакот, па така секогаш имале свежо сомелено кафе за подготовка на својот омилен пијалок. Во Првата светска војна, американското Воено министерство го презело производството на кафе во свои раце, создавајќи локални пржилници и мелници во Франција за да обезбеди свежо кафе за војниците. Кафето било толку важно како и говедското месо и лебот, заклучил еден висок воен офицер по војната. Повоените анализи на воеността снабдување со кафе потврдиле дека тоа ја враќало храброста и силата и го одржувало моралот..

Кафето, после водата, е најпопуларен пијалок кој е распространет ширум Земјината топка. Не се знае кога луѓето точно увиделе како делува кафето, ама легендата кажува дека еден локален етиопски овчар прв забележал дека неговите кози се многу поразиграни ако пасат одредени бобинки. Поттикнат од нивната разиграност, и тој решил да ги проба тие бобинки, а останатото е историја



## Приказна за кафето

Кафето, после водата, е најпопуларен пијалок кој е распространет ширум Земјината топка. Не се знае кога луѓето точно увиделе како делува кафето, ама легендата кажува дека еден локален етиопски овчар прв забележал дека неговите кози се многу поразиграни ако пасат одредени бобинки. Поттикнат од нивната разиграност и тој решил да ги проба тие бобинки, а останатото е историја. Записи за кафето и неговото благотворно дејство можат да се најдат уште во десеттиот век. Долго време оваа билка и начинот на одгледување била најстрого чувана тајна во Арабија, сè додека некако не стигнала во

Индија, а од таму во петнаесеттиот век пристигнува на Цариградскиот двор, а од таму се шири по цела Европа. Верувале или не, кафето е овошје. Дивите стебла на кафето можат да достигнат височина од 10 до 12 метри, додека стеблата на плантажите достигнуваат височина од 3 до 5 метри. Оваа релативно мала височина на плантажните стебла ја прави бербата полесна, а производството поекономично. Листовите, во зависност од фазата на зрелост и сортата на кафето, се помалку или повеќе темни. Цветовите се бели, со пријатен мирис, налик на јасмин. Цветовите своето место им го препуштаат на црвените бобинки, кои на прв поглед се налик на вишни, и според бојата и според големината. Бобинката е покриена со тенка обвивка. Внатре во плодот се наоѓаат две зрна, свртени со своето лице едно кон друго. Тоа се, всушност, зрната кафе. Иако во светот постојат многу диви сорти на кафе, само две се комерцијализирани: арабика и робуста. Арабиката, која претставува 70% од светското производство е голема грмушка со овални темнозелени листови која може да порасне до 6 метри во височина. Има повеќе нагласен мирис, избалансирана арома и нејзиниот вкус е комбинација на слатко и кисело. Таа е и поскапа со оглед на трошоците на производство. Робустата, која претставува 25% од светското производство, расте во мочурнишни краеви, тропски шуми, на околу 700 метри надморска височина. Овој тип на кафе е откриен кон крајот на 19 век во Конго и се произведува главно во Западна Африка и во Индонезија. Робустата содржи двојно повеќе кофеин во однос на арабиката, а стеблото е многу повеќе отпорно. Зрното е тркалесто, помало од арабиката, а му треба една година за да созрее. Бербата на кафето почнува кога бобинките ќе достигнат совршен момент на зрелост кој, за жал, се разликува за секоја бобинка. Затоа најдобрите сорти на кафе се берат рачно, што е најдобар и најскап начин на берба. Се бере една по една бобинка и се оставаат зелените и презреаните. Полесен и поекономичен начин на берба е со тресење или машинската берба. Секако, доколку бобинките се берат на овој начин, мора да се направи отстранување на зелените и презреаните бобинки. Во земјите кои имаат само една дождовна сезона, како што е Бразил, кафето се бере еднаш годишно, додека во земјите со две дождовни сезони, како што е Костарика, кафето се бере два пати годишно. По собирањето и пречистувањето на бобинките на кафе тие мора термички да се обработат, за да може да се употребуваат. Прва фаза на термичка обработка е сушењето, при што



Од далечните борбени позиции во Авганистан, па сè до канцелариите во Пентагон, кафето е дел од американската воена култура, но и на многу други војски во светот

бобинките губат околу 12% од својата маса. Времето на сушење опфаќа околу 50% од вкупното време на пржење на кафето. Втората фаза е пржењето. Во оваа фаза особено е важна топлината на која се изложуваат зрната. Повисоката температура предизвикува потемни зрна, а пониската посветли. Третата фаза е ладењето. Се вели дека со најдобар квалитет е кафето кое е нагло изладено. За ладење може да се користи и воздух и вода. Некои сметаат дека најдобро кафе е она кое е нагло изладено со вода.

## Како дејствува кафето?

Луѓето во текот на историјата не знаеле како и зошто кафето влијае на нивниот организам, па го нарекувале лек, дрога, освежителна инфузија, пијалок од кој не се спие и со уште многу други имиња. Како, всушност, дејствува кафето? Денес се знае дека најважна и најпозната состојка на кафето е кофеинот. Веднаш откако ќе се испие кафето, кофеинот почнува да струи низ вените и оди до мозокот. Мозокот, односно централниот нервен систем, е стимулиран од кофеинот и консументот се чувствува разбудено, расположено, повесело, полн со енергија. Кофеинот, под влијание на топлината, се претвора во витамин ниацин (од групата на Б-витамини). Покрај тоа, кафето содржи околу 600 испарливи мириси, белковини, вода,





За време на Втората светска војна вработените во одбраната и војниците биле снабдувани со онолку кафе колку што сакале. Армискиот логистички корпус користел услуги на 19 контрактори за производство на кафе за да се задоволи побарувачката. Американскиот војник се идентификувал со пиењето кафе, а таа навика продолжила и војната, односно по враќањето во цивилен живот

маснотии и минерални соли. Шолјата кафе е таа која, барем на кратко, ги отстранува проблемите и го олеснува животот на консументот. Една обична шолја кафе има  од 100 до 150 милиграми кофеин, така  што оваа количина и не е штетна. Секако, доколку се консумира во умерени количини. Иако некогаш го забранувале, лекарите денес го препорачуваат, во умерени количини, како одлично средство за намалување на опасност од многу болести.

## Колку кофеин е безбедно да се внесува?

Ќе кажеме неколку зборови за штетните количини на кофеин. Војниците треба да бидат свесни дека поголеми количини на кофеин може да предизвикаат несоница, нервоза, мускулни треперења и стомачно вознемирување. Вишокот на кофеин може, исто така, да предизвика раздразливост, главоболки, немир, прекумерно мокрење и брзо отчукување на срцето. Овие несакани ефекти доаѓаат со употреба на 500 до 600 милиграми дневно. Но, колку точно кофеин е безбедно да се внесе? Околу 300-400 милиграми кофеин е во ред за возрасни, околу 100 мг за адолесценти и ниту еден за деца.

Кофеинизам е постојана зависнот од кофеин. Тоа не се однесува само на консументите на кафе, туку и на љубителите на „кока-кола“. Кога зависниците од кофеин ќе бидат лишени од нивниот пијалок само на ден-два, тие можат да почувствуваат силна главоболка, забавеност и раздразливост. Колку пати сте испиле кафе, а тоа не ве разбудило или не ви дало енергија? Тоа значи дека не сте го испиле во вистинско време и во вистинска количина. Американските војници, за да останат будни и фокусирани и за да го избегнат заморот, имаат одличен рецепт за пиење на кафе. Ако не сте се наспале доволно, испијте две големи шолји кафе од по 200 ml, односно внесете две дози од 200 mg кофеин. Една шолја кафе испијте кога ќе станете, а втората после четири часа. Ако работите во текот на ноќта, тогаш на почетокот на смената испијте една голема шолја кафе од 200 ml. Експертите истакнуваат дека продуктивноста и фокусираноста на човекот на работа може да се зголеми за 40 проценти по внесувањето на кофеин, но дозата и времето на пиење се менува со животните навики, времето на спиење и почетокот на работното време. На пример, лицето кое спиело само пет часа и станува во шест часот наутро, своето прво кафе треба да го испие во 7 часот наутро, а второто за два часа, односно во девет часот. Колку кафето и да ни дава енергија и ни помага да ја намалиме поспаноста, секое претерување со кофеинот го разорува здравјето, па затоа потрудете се недостатокот на енергија, пред сè, да го надоместите со спиење, а  со пиењето на кафе бидете умерени.



# Петнаесет нешта кои не сте ги знаеле за кофеинот

За првпат кофеинот е хемиски издвоен во 1820 година. Кофеинот претставува избор на милиони луѓе во светот и може да се најде во стотици популарни пијалоци и лекови.

1. Хемиското име на кофеинот е 1,3,7-trimethylxantine.
2. Во природата, кофеинот може да се најде во шеесетина различни растенија, како зрната од кафето, лисјата на чајот, гуараната (изворот на кофеин за енергетските пијалоци), плодовите на растението кола, како и во лисјата на растението мате.
3. 90% од Американците консумираат кофеин во некаков облик секој ден.
4. Кофеинот делува со зголемување на нивото на хормонот допамин, што придонесува да се чувствувате посреќни, и со блокирање на рецепторите за аденосин, што спречува да се чувствувате уморно.
5. Докажано е дека кофеинот ја зголемува концентрацијата за учење но, тој, исто така, ги подобрува и рефлексите, меморијата, мислите и капацитетот на размислување.
6. Кофеинот делува на истите делови од мозокот врз кои делуваат кокаинот, амфетамините и хероинот. Разликата е во тоа што кофеинот има поблаго дејство.
7. Од друга страна, кофеинот предизвикува и несакани ефекти, меѓу кои се несоницата, зачестено одење по мала нужда и дијареа.
8. Кофеинот е добар за спортистите – 5 милиграми по килограм телесна тежина ја зголемува издржливоста и ги топи телесните масти.
9. Меѓународниот олимписки комитет ја забрани употребата на кофеинот во спортски цели.
10. Се проценува дека секоја година се консумираат 12.000 тони кофеин. Преку кафето се внесува околу 54%, преку чајот околу 43%, а преку храна или други производи околу 3% од годишната потрошувачка на кофеин.
11. Предозирањето со кофеин може да предизвика смрт. Смртоносната доза кофеин за просечниот човек се движи од 150 до 200 милиграма на килограм телесна тежина. Тоа е еднакво на сто испиени шолји кафе за 4 часа.
12. Кофеинот целосно се апсорбира од организмот во период од 30 до 45 минути, а неговото делување е најсилно во првите три часа.



13. Кофеинот предизвикува психичка зависност. Кризите започнуваат од 12 до 24 часа по последната консумација и можат да траат од 2 до 9 дена. Симптомите за тоа се: главоболки, замор, депресија, раздразливост и намалена енергичност.
14. Декофеинизираните производи, сепак, содржат кофеин во себе. Во САД, за декофеинизирани производи се сметаат оние кои содржат помалку од 2,5% кофеин во себе.
15. За време на последните денови на Втората светска војна, Хитлер си вбризгувал мешавина од гликоза и кофеин за да го одржи нивото на телесна енергија.

# Шест причини зошто кафето е добро за војската

Има многу малку работи кои вистински ги поврзуваат сите војници, како што е шолјата топло кафе. Еве шест причини зошто кафето навистина е добро за војската.

**6. Сите се среќаваат на кафе-пауза**

Кафето е одлична причина за дружење. Сите, од војник до полковник, се собираат да го зграпчат своето утринско кафе. Кога кафето од бокалот е испиено, неговото полнење е една од ретките задачи кои не се доделуваат на најмладите по чин, туку на оној кој ја испил последната шолја.

**5. Многу малку се спие**

Не е некое изненадување, но војниците ретко кога имаат осум часа за спиење. Колку е повисок рангот на војниците, толку помалку им е дозволено да покажат поспаност. Кафето помага при маскирање на исцрпеноста.

**4. Се препорачува топол напиток на терен**

Во борбените единиците, особено се гледа како на слабост ако не можете да ги издржите напорите. Слабост? Земи топло кафе и продолжи!

**3. Тоа е потсетник за дома**

Војската нема многу време и простор за копнеж по цивилниот живот. Војниците внимаваат кога подготвуваат кафе. Тие можат да се откажат од многу животни потреби, но секогаш сакаат да ги добијат „добрите работи“ од нивниот цивилен живот.

**2. Кафето е мала пауза од реалноста**

Војската секогаш е во брзање и движење. Ќе трчате од точката А до точката Б, преку точката В, назад кон Б, се прашувате зошто не сте на Г, и одите таму само за да сфатите дека сите се наоѓаат на В, и така до изнемоштеност. Барем за тие кратки моменти, кога пиете шолја кафе, можете да се одморите.

**1. Тоа има добар вкус**

Има безброј начини да се стоплите, да бидете будни и хидрирани. Кафето не е единствената опција, но факт е дека сите го сакаат неговиот вкус, без оглед на тоа како е подготвено.



Александар Стојчевски



# Како да се усогласат високото образование и пазарот на трудот

Навидум универзитетите се убава идеја. Се запишувате на факултет, бирате тема што ви се допаѓа, учите од експерти и дипломирате подготвени за работа и за иднината. Токму ова е причината зошто толку многу луѓе (околу 40% во богатите земји) одлучуваат да одат на колеџ, дури и ако тоа значи да направат големи финансиски и лични жртви. Сепак, иако толку многу луѓе го прават тоа, не значи дека истото е нужно добра работа. Всушност, иако генерално постои поголема можност да се вработите со факултетска диплома отколку без неа, секогаш постојат јасни конкурентни предности, особено ако речиси половина од населението има дипломи. Имено, реалноста во денешниот дигитален напреден свет е дека секоја генерација треба да се научи како да учи, и тоа во текот на целиот живот – брзо, за да може да ја трансформира иднината на работното место, а не тоа да ги трансформира нив.

Ако го читате ова, наша претпоставка е дека поголема е веројатноста да сте со универзитетско образование отколку без него и сигурно имате многу убави спомени од студентските денови. Исто така, веројатно сте се сочиле со некои од предизвиците со кои се соочуваат новодипломираните кога ќе се пласираат на пазарот на трудот и со фрустрациите што работодавците ги изразуваат кога се занимаваат со нив

Ако го читате ова, наша претпоставка е дека поголема е веројатноста да сте со универзитетско образование отколку без него и сигурно имате многу убави спомени од студентските денови. Исто така, веројатно сте се соочиле со некои од предизвиците со кои се соочуваат новодипломираните кога ќе се пласираат на пазарот на трудот, и фрустрациите што работодавците ги изразуваат кога се занимаваат со нив (на пр., пронаоѓање на вистинските луѓе, менаџирање со нив и нивните очекувања и развој на нивните вештини). Така на пример, многу од клиентите од „Manpower Group“

жалат за времето и за парите што мора да ги вложат во дипломирани и успешни студенти, за да можат, всушност, „да ги научат на вештини кои им се потребни за да бидат успешни во работата наспроти вештините што ги направиле да бидат успешни во училницата“. Студентите, пак, од Колумбија и Универзитетскиот колеџ во Лондон поминуваат многу време обидувајќи се да најдат привлечна работа, и покрај тоа што дипломирале на врвни програми. Резултатот е секогаш ист, односно мора да се направат компромиси со индивидуалните избори. Инаку, сè уште нема јасна алтернатива за универзитетите и, сè додека не постои јасен пат за промена на високото образование, постојат болни точки со кои се соочуваат лицата инволвирани во секторот на образованието и пошироко. Но,во одреден момент, најверојатно, ќе се појави одржлива алтернатива, а може и да се утврдат шест причини што го прават случајот да бара нешто поразлично. Имено, на работодавачите им се потребни вештини, а не само знаење или титули: индустријализираниот свет доживува невиден бум со работни места. Историски гледано, никогаш не било подобро време да се најде работа. Сепак, сè уште постои значителна неусогласеност помеѓу работните места што луѓето ги посакуваат и оние што всушност се достапни. На пример, сегашната стапка на невработеност во САД е само 3,6%, а сепак има 7,4 милиони огласени работни места. Зашто? Прво, некои од овие работни места не се атрактивни за „преквалификуваните“ дипломирани студенти, поради што „Волмарт“ им нуди на возачите на камиони плати до 108K $, а сè уште има слободни работни места. Второ, некои работни места побаруваат поразлична вештина од она што го нудат лицата што бараат работа. Така, на пример, 60% од организациите не можат да најдат квалификувани аналитичари за компјутерска безбедност. Трето, додека бројот на дипломирани студенти на колеџ продолжува да расте, постои генерално прашање за тоа до кој степен универзитетските квалификации се добри и адаптирани за работните места. Затоа, голем број на работодавачи изразуваат резервираност во однос на подготвеноста за работа на дипломираните студенти и нивниот потенцијал да додадат непосредна вредност на работното место. Така, на пример, работодавците честопати се жалат дека дури и кога дипломците доаѓаат со ѕвездени акредитиви/одлични оценки, тие веројатно не научиле што им е потребно за да научат и да можат да си ја вршат својата работа.
Исто така, јасно е дека голем број на луѓе често завршуваат со кариери што не се ни усогласени со нивното образование, како што вели и неодамнешниот извештај на „Burning Glass“ кој сугерира дека 20% од дипломираните студенти не работат на одредена работа дури и 10 години после дипломирањето на факултет. Работите стануваат уште покомплицирани кога ќе се земе предвид фактот дека значителен дел од идните работни места ќе биде тешко да се предвидат, освен фактот дека ќе се бара многу поразличен спектар на вештини од оние што ги прикажуваат повеќето дипломирани



Многу елитни универзитети даваат приоритет на истражувањата, честопати на штета на наставата: Секој што поминува време во академска институција знае дека квалитетот на универзитетите, барем како што е оценето според табелите за извонредност на истражувањата, главно се заснова на истражување, а не на настава





Голем број луѓе често завршуваат со кариери што не се ни усогласени со нивното образование, како што вели и неодамнешниот извештај на „Burning Glass“ кој сугерира дека 20% од дипломираните студенти не работат на одредена работа дури и 10 години после дипломирањето на факултет

студенти. Ова е причината зошто идниот потенцијал на работната сила ќе зависи од неговата способност да култивира учење, наместо да прикажува многу квалификации стекнати за време на студиите. Студентите сакаат работа, а не знаење или титули. Студентите инвестираат многу време и пари во факултетското образование за да добијат добра работа, а две третини од нив на ова гледаат како на „финансиска стабилност“ и своја примарна цел. Но, и покрај рекордната ниска невработеност, недоволното вработување е исклучително честа појава. Дури 40% од дипломираните лица со факултет работат на работни места за кои, всушност, не им се потребни квалификации. Исто така, студентите го ценат реалниот процес на учење и апсорбирање знаење. Прашањето е дали повеќето луѓе би сакале да стекнат образование од Ајви лигата без диплома или диплома од Ајви лигата без образование на Ајви лигата? Па, верувале или не, во своите напори некои луѓе успеваат да акумулираат студентски долг од 1 милион американски долари. Студентите имаат нереални очекувања (разбирливо) за колеџ: Без оглед на нивниот глобален ранг, сите универзитети се продаваат себеси како мотор на раст, вработливост и успех, а факултетското образование сè уште е ветување за надградување на нечиј талент. Сосема разбирливо е дека ова произведува големи очекувања, но едноставно не е можно да се исполнат истите. Не може секој да биде лидер, извршен директор, менаџер или високо баран работник/експерт. Но, да не заборавиме дека не е можно на сите да им се даде работа од соништата. Доколку нашите аспирации во кариерата ги надминат достапните можности, а нашите самоперцепирани таленти ги надминуваат нашите вистински таленти, сигурно сме предодредени да бидеме мизерни на работа. Можеби ова и го објаснува нискиот рејтинг за ангажирање на вработените. Еквивалент во светот



на љубовта би бил доколку сите би посакале да бидат во врска со филмски ѕвезди како што се Бред Пит или Анџелина Џоли. Тогаш резултатот би бил епидемија на разведени или неженети луѓе, односно самци.

Многу елитни универзитети даваат приоритет на истражувањата, честопати на штета на наставата: Секој што поминува време во академска институција знае дека квалитетот на универзитетите, барем како што е оценето според табелите за извонредност на истражувањеата, главно се заснова на истражување, а не на настава. Во многу врвни институции наставата се смета како одвраќање од објавување на научни трудови и добивање грантови за истражување. Врвниот факултет привлекува персонал, не само со повисоки плати, туку и со поголема слобода, а со помал степен на настава. За возврат, персоналот објавува наоди од истражувања и донесува приход од грантови, притоа искористувајќи го потенцијалот на дипломираните студенти, наместо да ја вршат својата наставна должност. И списанијата во кои тие ги објавуваат истражувањата се потпираат на дискутабилен деловен модел во сопственост на профитабилни издавачки империи кои вложуваат милијарди приходи.

Според наше мислење, сè додека целиот високообразовен систем не ѝ даде приоритет на „училницата“ во однос на „истражувачката лабораторија“, ќе биде предизвик оваа динамика да се промени. Ветинг-процесот што го користат врвните академски списанија – процес на прегледување од независни експерти, е ефикасен начин за унапредување на науката, но во ера на дистрибуирано знаење и информации со отворен извор, постои јасна придобивка да се демократизира увидот базиран на наука за оние кои, всушност, го финансираат. И додека истражувањето е двигател на растот и иновативноста, што го објаснува силниот акцент што го ставаат врвните академски универзитети, истото не треба да претставува изговор да се занемари вистинското образование што им се нуди на студентите, вклучително и критичкото прашање за нивно подготвување за реалниот свет. Во меѓувреме, одделни департмани на универзитетите ќе треба да постигнат правилен баланс помеѓу нивниот акцент и мотивите за држење настава и истражување.

Иднината им припаѓа на компаниите и на поединците кои се образуваат паралелно со работата, во континуиран круг на учење. Успехот во иднина нема да биде дефиниран со одреден степен на образование, туку со потенцијалот и можноста за учење, за примена и за приспособување




Наместо да ја зајакнат меритократијата, универзитетите ја зајакнуваат нееднаквоста: Додадената вредност на универзитетската диплома е инверзно поврзана со социоекономскиот статус на студентот, бидејќи повеќето врвни дипломци кои студираат колеџ би уживале во високите нивоа на успех во кариерата, бидејќи тие и онака се богати, имаат привилеги и контакти. Токму поради ова неодамнешниот скандал поврзан со уписите на колеџите во САД е толку ироничен. Луѓето што можат да си дозволат да платат толку високо мито, се тие што најмалку требаше да го сторат тоа – нивното богатство, привилегија и контакти и онака практично им гарантира дека имат добро место во животот без оглед дали или каде завршиле факултет.

Во исто време универзитетите имаат тенденција да ја зголемуваат наместо да ја намалуваат нееднаквоста. Како што наведуваат истражувачките извештаи, богатите луѓе, не само што имаат поголема веројатност да си купат поскапо образование, туку имаат можност и да стапат во брак со подеднакво богати и образовани луѓе, што, пак, ќе произведе побогато и привилегирано потомство. И, како што забележува Е.Хеkоk, во една неодамнешна книга, дури и кога елитните универзитети се фокусираат на запишување на малцинства, тие имаат тенденција да дадат приоритет на она што се нарекува „привилегирани сиромашни“, како што се црнците или Шпанците со повисок социоекономски статус. Основното прашање овде е: Ако универзитетот тврди дека е врвна образовна институција, истиот не треба да ги прифаќа лицата со најниски тест-резултати и да ги претвори во лидери на иднината (наспроти прием/упис на луѓе со највисоки приходи и резултати од тестот, кои веројатно би управувале со светот во иднина, без оглед на тие три или четири години на колеџ). Накратко, има многу работи за кои треба да се размисли кога зборуваме за сегашниот модел на високото образование. Иднината им припаѓа на компаниите и на поединците кои се образуваат паралелно со работата, во континуиран круг на учење. Успехот во иднина нема да биде дефиниран со одреден степен на образование, туку со потенцијалот и можноста за учење, за примена и за приспособување.

м-р Билјана Поповска

*(адаптирано од Tomas Chamorro-Premuzic &Becky Frankiewicz: https://hbr.org/2019/11/6-reasons-why-higher-education-needs-to-be-disrupted?utm_campaign=hbr&utm_medium=social&utm_source=facebook&fbclid=IwAR2I56VyaoPz2JFBMtxaa--5rhtDsRIAxzb9bTbCRK_-OkqNEBThtW2jZs4)*



# Една Нова година, а дванаесет дочеци

Истражувачите на нашето минатото пишуваат дека славењето на „поинакво утре“, први го практикувале старите Вавилонци, од кои наредните цивилизации ги преземале и надградувале начините на прославување на новиот животен почеток.
Контроверзите околу тоа кој, кога и каде ја востановил прославата на почетокот на новата година, сè уште траат. Но, како и за сè за што нема материјални докази и пишани траги, на сите им се дава право да тврдат дека токму тие ја имаат тапијата за устоличувањето на новогодишната прослава. И без оглед на сите разлики, кај сите е иста желбата на почетокот на новата година, зад себе да се остават сите неубави нешта, да се планира и надева на нов, подобар почеток. Со доаѓањето на следната Нова година, ритуалите се повторуваат, потврдувајќи дека планираното од лани не се остварило и дека токму во следната година треба да се стартува поинаку.

## Нова година секој месец

А токму од наумено, да се биде поинаков од другите во прославувањето на новиот животен циклус, денес, секој месец некаде на планетава луѓето ја прославуваат Новата година. Таквата пракса влече корени од Римската Империја, каде почетокот на новата година лично го одредувал императорот, а тој тоа го



правел по некој голем личен успех. Со доаѓањето на нов владетел, биле менувани до тогаш важечките прописи, па и почетокот на новата година. Таквата практика ја укинува Римскиот сенат во 153 година п.н.е. и со декрет наложува новата година да започнува на 1 јануари. Се смета дека за постојаноста на тој пропис заслуга има Гај Јулие Цезар (49-45 година пред новата ера), на чие барање е составен и јулијанскиот, соларен календар, во кој времето е поделено на дванаесет месеци, а кој  и денес е во сила. Во мугрите на средниот век, „римската“, нова година била сметана за пагански обичај  и наместо на 1 јануари, новата година започнувала на 1 март. Интересно е дека, за разлика од останатиот свет, во Британија и нејзините колонии, сè до 1752 година, Новата година била прославувана на почетокот на март. Млетачката Република и Русија, исто така, за почетокот на новата година го сметале 1 март. Сакајќи да се разликува од останатиот свет, втемелувачот на голема Русија, Петар Велики во 1699 г., со декрет наредил доаѓање на Новата година да се прославува на 1 септември. Спомнатата практика да се биде поразличен од другиот свет, па и во сметање на времето и славење на важните настани, православните земји: Русија, Србија, Македонија, Црна Гора и Украина и денес, покрај планетарната Новата година, почетокот на Новото лето го прославуваат на 14 јануари. Интересно е да се нагласи дека во разногласието во одредување на терминот за започнување на новата година, покрај верските причини, влијание имаат и временските зони, политичкото устројство и националната традиција. Оттаму потекнува и шаренилото во прославување на почетокот на секоја нова година.

Две третини од жителите на нашата планета во текот на декември поставуваат идентично прашање – Каде за Нова година, но малкумина знаат дека истото прашање остатокот од нејзината популација го упатува кон своите блиски, најмалку дванаесет пати во текот на една лунарна година

## Специјални нови години

Колку и да е чудно, на нашава планета постојат и таканаречени „специјални“ нови години, кои се уште една потврда на исконската желба на поединци и цели народи, по секоја цена да се разликуваат од остатокот од светот. Знаменосци на тој порив се Англичаните, кои, покрај традиционалната Нова година, редовно ја прославуваат и Даночната нова година. Таа започнува на 6 април и е во знакот на парите. По пат, да спомнеме дека и Французите имале своја Нова година, која била наречена Револуционерна, а била прославувана од 1793 до 1805 година. Се разбира, таа произлегла по граѓанската војна и укинувањето на монархијата. Како исклучок се смета исламската Нова година, која е повеќе културен настан, ослободен од „зурли и тапани“. Таа започнува на 7 декември и се прославува во тишина и со молитви во кои доминира желбата за вечен мир. На листата на земјите со специјални нови години, Кина има почесно место. кинеската Нова година, уште позната и како Празник на пролетта, започнува на 21 јануари и трае до  21 февруари. Интересно е што нејзиниот почеток варира и зависи од времето кога паѓа вториот млад месец по зимската краткодневица. За разлика од  другите земји, секоја кинеска година започнува со име на некое животно.





Според легендите, таа посебност е поврзана со смртта на Буда. Имено, пред да почине, Буда ги повикал сите животни на прошталната средба. На тој повик се јавиле само 12 животни ( глушец, вол, тигар, зајак, змеј, змија, коњ, овен, мајмун, петел, пес и свиња), и како награда за верноста, Буда наредил во еден од петте циклуси, кои траат 60 години, секоја од годините да се именуваат според овие животни. Во „посебните“ нови години е и еврејската (Рош хашана) или „Главата на годината“. Таа започнува најрано на 5 септември а најдоцна на 5 октомври, во зависност од важечкиот календар. Во првите десет дена таа се нарекува „десет дена на покајување“, а тоа е период кога секој треба да се сети на сите гревови што ги направил и да се моли на Господ истите да му ги прости. Во ритуалите на прославата на еврејската Нова година се одењето на брегот на некоја река и фрлање на трошки леб и јадење на јаболка со мед. Иранската Нова година („Новруз“) започнува на 21 март и трае три дена. а се прославува и во Авганистан, Таџикистан, Курдистан, Азербејџан, Туркменстан, Узбекистан, Киргистан, и во Кашмир. Во „посебните“ нови години се вбројува и тајландската Нова година. Таа паѓа на 13 април и ја прославуваат будистичките верници, прскајќи се со вода.

## Од кинеското животинско царство до кршење чинии

Во шаренилото на ритуалите при прославата на Новата година која започнува на 1 јануари, во фокусот на целото човештво се дочеците во Сиднеј, Њујорк и Лондон, најмногу заради спектакуларните огномети на централните плоштади во спомнатите градови. Во основа станува збор за буквално копирање на прославите на Кинеската нова година, зачинето со фасцинантни анимации на компјутерската технологија. Нема никакво сомнение дека е особена привилегија за секој смртник, Новата година да ја прослави пред Операта во Сиднеј, на „Тајм“ или „Трафалгар сквер“, во Њујорк, односно Лондон. Од почетокот на новиот милениум веќе не постои земја и нејзината престолнина на чии централни плоштади не светкаат новогодишни огномети, кои единствено се разликуваат по должината на траењето. А од тој планетарен натпревар, полза има фантастичната кинеска пиротехничка технологија, која како да нема граници. Интересно е што на прсти од една рака можат да се набројат земји во кои прославата на Новата година по нешто се разликува. Богатата трпеза, дарувачка треска, алкохолно лудило и заглушувачка бучава, се обележјата на прославувањето на новогодишните празници, од Патагонија до Лапонија. Надвор од таа глобална практика се националните специфичности со кои е зачинет пречекот на Новото лето. Во Германија, со векови наназад Новата година се пречекува во карневалска облека, со тапани и подарување на ореви и бадеми. Австријците, од времето на Хазбуршката монархија новогодишните празници ги поминуваат со кралска вечера, во новогодишна облека, која се чува како реликвија.

Во Италија нема среќа во започнатата нова година, доколку таа не започне со јадење на прочуената сицилијанска пица. Норвежаните само за Новата година прават голема чинија со пудинг од ориз во кој ставаат еден бадем. Оној што ќе го најде бадемот, цела година ќе биде среќен. Кај нас, во Србија и во Грција тој обичај се практикува за Свети Василиј (Василица) и наместо пудинг и семка од бадем, се користи лепче и паричка, која некогаш може да биде и златна. Британците, покрај огномети и богата трпеза, во новогодишната ноќ надворешните врати ги оставаат отворени и го чекаат првиот гостин. Од неговиот карактер и благородност, зависи семејната среќа во текот на цела година. Во Данска пречекот на Новата година наликува на грчките бузуки-забави. Имено, Данците практикуваат новогодишно кршење на чинии и тоа пред вратата на пријателите или соседите. Од количеството на скршените чинии зависи берикетот на годината во која влегуваат. Поголемо „ѓубре“ пред врати, поголемо богатство во новата година.

Во Панама, но и во уште некои земји, во новогодишната ноќ се прават клади на кои се горат кукли со ликот на познати личност, оние што направиле нешто неубаво. Финците, Новата година ја слават со стар ритуал - фрлање растопен калај во ладна вода и во зависност од направената фигура, ќе зависи и содржината на новата година. Во домот во кој фигурата личи на срце или лист од детелина, ќе има свадба и многу пари. Доколку фигурата има неправилен облик, или многу шилци, не е пожелно да се излегува од дома - цела година.



## Натепај го пријателот

Понапред спомнавме дека во прославувањето на Новата година се замешани многу нешта: вера, политика, поднебје и волја на поединец, а влијание имаат и нештата чија позадина не е одгатната. Ова категорија на новогодишни прослави е забележана во неколку земји. Во Колумбија, во градовите, но и во помали места, пред новогодишната ноќ луѓето шетаат со празни куфери. Тоа го прават повикувајќи го севишниот, во новата година да им подари полни торби пари и се разбира патувања, со полни куфери облека, само во земјите кои се наоѓаат ,од другата страна на морето. Романците не се шетаат со празни цегери туку одат во штали и кокошарници, на муабет со домашните животни. На кокошките, кравите, овците и кучињата им се обраќаат како на човек и им соопштуваат што сакаат да им се случи во новата година. Се разбира, лесно е да се претпостави дека во тие еднонасочни разговори доминираат - љубов, здравје, пари и среќа.

Кариоките, како и во фудбалот, се посебни и во прославување на Новата година. Ја пречекуваат облечени во бели алишта, јадат пијат и танцуваат, а по полноќ одат покрај море, езеро или река и ја фрлат облеката. Тој ритал завршува со скокање преку „седум бранови“, со што, во новата година се повикува мир, среќа и богатство.

За разлика од нив, Чилеанците пред Новата година купуваат нови метли, го чистат домот од секаква нечистотија, а потоа јадат варена леќа. Метлата ја користат и во многу други земји, но малку се оние што Новата година ја прославуваат со варена леќа. Чилеанците во секое зрно леќа ја гледаат парата која ја посакуваат во новата година. Шпанците, пак, точно на полноќ јадат 12 зрна слатко грозје, посакувајќи во новата година сè да им биде слатко. Русите, исто така имаат оригинален ритуал на прагот на Новата Година. Имено, на ливче пишуваат желба, потоа го запалуваат, а пепелта ја ставаат во чаша со пијалак, најчесто вотка и ја пијат по руски - наеднаш. Се разбира, очекуваат во годината што е пред нив да им се исполни желбата од изгореното ливче.

Новозеланѓаните Новата година ја чекаат како и сите други, со пијачка, јадење и музика, но за разлика од Германците, не тропаат во тапани туку во тенџериња. Посебноста во тој ритал е што секое семејство, во текот на целата година, оштетените или дотраените лонци и тенџериња ги чуваат за прослава на Новата година. Има податок дека секој член на едно семејство во Нов Зеланд, за Нова година тропа во најмалку три тенџериња. Перуанците, потомците на славните Инки на најнеобичен начин ја прославуваат новогодишната ноќ. Имено, дека во останатиот свет се крчка сармата и се печат прасињата, Перуанците прават примитивни боксерски рингови и на гости ги канат најдобрите пријатели. Новогодишните прослави започнуваат со ритуал познат под името „завриена крв“. Како поинаку би можела да се нарече пријателска, но во исто време и крвава тепачка. Без понатамошна елаборација на ова перуанска прослава на Новата година, нашите читатели ги советуваме за Новата година да бидат подалеку од Перу. Впрочем, малку подалеку на север е Куба, каде бакнувањето во новогодишната ноќ е задолжително.

## Нова година, што е тоа?

Пет земји во светот воопшто не го прославуваат доаѓањето на Новата година. Класичната Нова година не ја прославуваат во Саудиска Арабија, Израел, Иран, Индија и Кина. Во Саудиска Арабија власта со сила (полиција), забранува какви било прослави на 1 јануари. Во Израел нема такви забрани, но 1 јануари е како и сите останати работни денови. Иранците исто така не слават класична Нова година, ниту обрнуваат внимание на странците кои живеат и работат во нивната земја и ја прославуваат Новата година. Во Индија 12 пати во текот на една година се прославуваат новогодишни празници, но ниту една не се паѓа на 1 јануари. Слична е и во Кина, во која 1 јануари нема никакво значење.



## Нова година без елка не е нова

Нова година не може да се замисли без закитена елка. Сите ја украсуваме но малкумина се што знаат од каде и од кога потекнува тој обичај. Според црковните записи, Бонифацие, христијански светител кој живеле во 8 век, иако роден во Англија, бил прогласен за заштитник на Германија. Таму стасал во 716 година, на повик меѓу Германците да ја шири Христовата вера, и тогаш, објаснувајќи ја верата, се послужил со гранче од елка. Според етнологот Ингеборг Вебер-Келерман, тоа гранче елка на Бонифације, стасало до 16 век, како своевиден симбол на верата. За да не биде голо, Германците почнале да го украсуваат со овошје и цвеќе, а дури при крајот на 18 век, елката станала симбол при прославата на Новата година. Се смета дека големиот црковен реформатор, Мартин Лутер прв, со свеќи, ја украсил елката токму на пречекот на Новата година. Обичајот потоа се проширил во Франција, а оттаму стасал во Австрија и Русија, а во 20-от век низ целиот свет. За легендата за ѕвездата, задолжителна при украсувањето на елка, инаку сврзана со Христовото раѓање, нешто повеќе за следната Нова година.



Миле Раденковиќ



# „Мидвеј"

По подолго отсуство на воената тематика од скопските киносали, меѓу филмовите кои се најдоа на редовниот кинорепертоар на крајот на минатата година, беше и филмот „Мидвеј“. Како што кажува и самиот наслов на филмот, во него е раскажана приказната за една од пресвртните битки во Втората светска војна, битката за превласт на Пацификот помеѓу двете супермоќни сили, САД и Јапонија. Веројатно многумина го паметат познатиот холивудски оскаровец „Перл Харбор“ кој во многу работи е сличен на „Мидвеј“, особено затоа што и во двата филмови станува збор за холивудски продукции, па во однос на начинот на кој се направени овие два филма, елементите во приказната и презентацијата, наликуваат еден на друг. „Мидвеј“, всушност, и започнува со нападот на Перл Харбор како увертира на историската битка, што неизбежно наведува на правење паралела на двата филмови. Ова не е прва презентација на големото платно на овој настан. Имено, во 1976 година, излегува истоимен филм на Чарлтон Хестон и Хенри Фонда, во продукција на “Universal Studios“, кој историски е запишан како втор филм во кој се употребени специјални сензорни ефекти со цел да се обезбеди повеќедимензионално искуство за публиката.

## Информацијата е клучот

Што е потребно да се добие една битка? Дали е тоа бројноста на војската, оружјето со кое располага или стратегијата? Во битката кај Мидвеј, она што се покажува како круцијално е разузнавањето и правилната декрипција на информациите. Нападот на Перл Харбор е огромно изненадување за американските власти. Дотогаш Америка живее во мир со Јапонија, но во постојана напнатост и нетрпеливост дека односите може да се вжештат. Со нападот на пацифичкото пристаниште, како што ќе каже еден од јапонските стратези, Јапонија прави опасен потег будејќи еден „заспан џин“. И тоа ќе ги чини многу. Но, империјата претендира да ги елиминира САД како стратешка сила во пацифичкиот појас и да воспостави доминација и Перл Харбор е првиот чекор во остварување на таа идеја. Секако, САД возвраќаат со првиот дотогаш направен воздушен напад на Токио, но свесни се дека вистинскиот судир допрва се очекува. Каде и кога, не е познато, но е клучно да се знае. Без елементот на изненадување, американската војска нема шанси против Јапонците, посебно со загубите кои ги имаат претрпено при Перл Харбор. Разузнавачот Едвин Лејтон, еден од главните протагонисти во „Мидвеј“ кој со години престојувал во Јапонија како воено аташе, има многу важен удел во добивањето на оваа битка, бидејќи тој е оној кој успева да ја обелодени информацијата за времето и местото на



нападот, а тоа го одлучува и победникот. Не само што треба да ја обезбеди информацијата за нападот, туку Лејтон мора и да го убеди Вашингтон дека не греши, бидејќи оттаму постои поинакво толкување на пресретнатите информации. Простор за грешка нема, бидејќи тоа ќе значи крај. Неговата доверба во еден од криптографите со посебен талент се покажува како одлична одлука. Прикажувањето на процесот на декрипција на информациите е посебен куриозитет на филмот. Работата на криптографите има непроценлива важност. Ваквите сцени, кои се вметнати во воените дејствија, даваат одличен „одмор“ од сцените со подготовките за борба и нивното присуство е добредојдено фрлање светло на некои интересни, не многу познати моменти. Во овој случај, на пример, дознаваме дека криптографи биле обично членови на оркестар. Бидејќи војната била неочекувана и САД немале едуциран кадар од овој ешалон, музичарите се сметале за лица со изострен слух и сетила, како и способност за детекција на одредени повторувања.

## Американски херој

Лејтон е важен лик, но не е главниот лик во „Мидвеј“. Таа значајна улога ја има Дик Бест, пилот со завидна и невидена храброст и вештина. Бест е пргав, човек кој ги заобиколува правилата за да постигне нешто и честопати е во право. Живее на работ, со ризици, не се плаши да преземе офанзива. Ненадминлив во својата бранша, но и непослушен. Токму овие квалитети го прават и авторитет меѓу неговите, иако таа улога формално ја нема. Тој е татко и учител на сите пилоти, тој е столбот кога кај нив ќе се јави колебливост. Иако неконстантен, тој е надежта дека американската војска може, всушност, да победи. Бест ја предводи финалната битка кога американските пилоти успеваат да ги уништат јапонските носачи на авиони и да ја осакатат нивната војска во нешто што потсетува на невозможна мисија. Брутално искрен и прагматичен. Остава впечаток како да нема што да загуби. Но, не е така. Во Перл Харбор, тој го губи неговиот најдобар пријател, а неговата „човечност“ најдобро ја илустрираат присуството на неговата сопруга и ќерка на кои треба да се врати. Сопругите на главните ликови, имаат посебно место во овој филм, не само поради безусловната поддршка која ја даваат на сопружниците, туку и поради нивната сила да ја издржат неизвесноста, како и поддршката која си ја даваат една на друга како жена на жена и како партнерки на луѓе во опасна професија. Така, иако супериорна во однос на



бројот на авиони со почетната предност, јапонската војска нема еден многу битен фактор - ги нема американските пилоти. Секако, голема улога има и флексибилноста на Нимиц и Хелзи кои го координираат нападот наспроти ригидноста на јапонската команда која е строго врзана за конвенционалното раководење и неадаптибилна и неагилна на новонастанатите услови. Токму ова многу ќе ги чини, а најголемиот страв на некогашниот пријател на Лејтон, Јамамото, ќе се исполни како пророштво.

## Стереотипни ликови

Иако филмот го глорифицира херојството и супериорноста на американската нација, фокусот се менува наизменично од американската на јапонската војска, презентирајќи ги двете видувања на конфликтот. И кај двете има сериозна стереотипизација – Јапонците се прикажани како посветени, стоици, дисциплинирани војници, на кои честа и борбата за империјата им е врвен идеал. Империјата и победата се поставени во хиерархијата пред сопствениот живот, жртвувањето го сфаќаат како како симбол на херојство. Поразот и стравот се неприфатливи и се толкуваат како срам. Затоа, на крајот од филмот гледаме како Јапонците се самоубиваат како казна за поразот на нивната земја на кој тие директно придонеле. Американците, пак, се поинакви. Кај нив постои разумен страв од битката, и колебањето кај одредени војници се сфаќа како нормална човечка реакција во ситуација на опасност. Но, храброста кај американските војници не изостанува. Тие се свесни за нивната должност, свесни се и за последиците доколку ја загубат битката кај Мидвеј. Токму свесноста за потребата на нивниот придонес е она што ги мотивира, а не должноста.
Од визуелен аспект „Мидвеј“ е навистина спектакуларен филм. Грандиозни експлозии, урнати и распаднати авиони, сцени кои потсетуваат на визуалите и атмосферата на видеоигра. Филмско парче кое навистина е привлечно за око. Изобилува со ареални сцени и ефекти на завидно ниво. Сликите се текстурирани, со видно додадено „зрно“, со силен контраст и острина, давајќи посебна атмосфера на целокупното дело. Студеното јануарско време нека биде одличен повод да ги посетите киносалите и да ја поминете вечерта во друштво на овој филм на Роланд Емерих, бидејќи идеално е овој филм да се гледа токму таму, на големото платно.

Елена Ѓорѓиевска



**Режија:** George Mendeluk

**Улоги:** Max Irons, Samantha Barks, Terence Stamp, Barry Pepper, Aneurin Barnard

**Сценарио:** Richard Bachynsky Hoover, George Mendeluk

**Кинематографија:** Douglas Milsome

**Монтажа:** Stuart Baird, Lenka Svab

**Музика:** Benjamin Wallfisch

**Година:** 2017

**Времетраење:** 103 min

**Земја:** Канада / В. Британија

**Награди:** Најдобар филм на „Movie Guide Awards, Grace Awards, Epiphany Awards“



# Манастир „Света Богород

Манастирот „Св. Богородица Велјуса“ е активен женски манастир кој се наоѓа во селото Велјуса на околу 7 км западно од Струмица, подигнат на бигореста карпа. Манастирот е основан во 1080 година од сопствени средства на монахот Мануил, кој подоцна станал струмички епископ. Тој во Велјуса дошол од Халкедонскиот манастир „Св. Авксентиј“ во Малоазиската област Витинија, каде го поминал испосничкиот монашки живот.
Внатрешноста на црквата е живописана во три временски периоди, и тоа во 1085 г., 1164 г. и во XIX век. Особено интересна е претставата на Исус во куполата, каде тој е прикажан како дете на 12 години, што е особена реткост.
Манастирот е посветен на раѓањето на Марија и го слави празникот Рождество на Пресвета Богородица (Мала Богородица) на 21 септември. За манастирот има многу пишани документи кои се зачувани во архивата на Ивиронскиот манастир на Света Гора. Од позначајните пишани документи ги издвојуваме: двата мермерни архитрава кои се поставени на влезот на манастирот. Манастирот ја има зачувано својата изворна архитектура и претставува единствен таков објект од XI век во Македонија. Манастирот е четириконхален и има три куполи со керамопластична декорација и полихромно оживување на фасадите. На јужната фасада на храмот, под тремот, се наоѓа велјушкиот крст, а таму се наоѓа и претставата на Свети Онуфриј во пустина, посетен од монахот Свети Панфнутиј. Денес во манастирот живее монашкото сестринство на струмичката епархија, а постојат и придружни објекти: саат-кула, фурна, ан и параклис (мала црква) посветен на свети апостол Павле и на свети Григориј Палама.
Највпечатливата средба со овој манастир е во мугрите. Околу манастирот има рурална атмосфера, типична за македонското село. Зеленилото обрабено со цветни леи и рози и има уреден парк во којшто доминираат древната црква и неколкуте новоизградени манастриски зданија во карактеристичен македонско-византиски стил на ѕидање – кршен камен со тули.
Во обидот да се сочува молитвениот мир, монашкиот дел не е пристапен за посетителите коишто срдечно се дочекани во гостинскиот дел. Тука тие можат да се запознаат со историјата и со животот на манастирот.

Кристина Илиевска



# ица Милостива“ – Велјуса








